ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GJYKATA SUPREME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Су-01 Бр. / Nr. 3/23.
30.03 2023 год. / v
СКОПЈЕ / SHKUP

**РЕПУБЛИКА СЕВЕ́РНА МАКЕДОНИЈА**

**ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

**Скопје, 2023 година**

## ВОВЕД

**Врховниот суд на Република Северна Македонија** согласно уставниот поредок и поделбата на власта на законодавна, извршна и судска е највисок суд во Републиката кој обезбедува единствена примена на законите од страна на судовите и е носител на судската власт.

**Во извештајната 2022 година** Врховниот суд на Република Северна Македонија своите уставни и законски надлежности ги извршуваше со намален број на судии и судски службеници.

И покрај ваквите отежнати услови согласно Законот на судовите во рамки на својата **стварна надлежност** Врховниот суд на Република Северна Македонија како највисок суд одлучува во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апелационите судови, по вонредни правни лекови против правосилните одлуки на судовите и одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон, за судир на надлежност и определување на месна надлежност, одлучува по барање за повреда на правото на судење во разумен рок, во прв и втор степен, во постапка утврдена со закон пред судовите во Република Северна Македонија, во согласност со правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи и тргнувајќи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права, како и други работи определени со закон.

Оваа своја надлежност судот ја остварува преку **Одделот за казниви дела, Одделот за граѓански дела, Одделот за судење во разумен рок и специјализирани совети за постапување** по барањата за заштита на основните слободи и права загарантирани со Уставот, по жалби од кандидат кој не е избран за судија, односно Претседател на суд и по жалба против одлука на Судскиот совет за одбивање или прифаќање на приговор или одлука за повторно оценување на судија, односно Претседател на суд.

Врховниот суд на Република Северна Македонија, својата **уставна надлежност за обезбедување на единствена примена на законите од страна на судовите** во Република Северна Македонија, првенствено ја остварува преку работата на **Општата седница**, чија надлежност е дефинирана согласно Законот за судовите каде е предвидено дека утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите, по иницијативи од адвокати, дава мислења по предлози на закони и други прописи кога со нив се уредуваат прашања од значење на работата на судовите, разгледува прашања во врска со работата на судовите, примена на законите и судската практика, именува состав на совет за одлучување по жалби против решенија на Судскиот совет на Република Северна Македонија за разрешување на судија или изречена дисциплинска мерка во кој учествуваат по тројца судии од Врховниот суд на Република Северна Македонија избрани по пат на ждрепка и други работи предвидени со закон.

Надлежноста за воедначување на судската практика се реализира и преку работата на **Одделот за судска практика** и на **седниците на судските оддели** на кои се усвојуваат правни мислења, се донесуваат заклучоци и се усвојуваат сентенци.

Согласно **начелото на транспарентност**, утврдените начелни ставови и начелни правни мислења, правните мислења, заклучоците, сентенците и соопштенијата од надлежноста на Општата седница и седниците на одделите редовно се објавуваат на web страната на Судот.

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија ги исполнуваше своите надлежности како член по функција во Судскиот совет на Република Северна Македонија и Судскиот буџетски совет, а согласно Закон и Судскиот деловник ги остваруваше сите надлежности од **судската управа**, а исто така оствари редовна комуникација и соработка со судовите, домашните институции, невладини организации и претставници на меѓународните институции.

Во исполнување на уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија учествуваа во работата на Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, седница на судиите, седница на одделите, работа во советите, како и во други активности согласно со законот, насочени кон поефикасна примена на Уставот, законите, ратификуваните меѓународни договори и праксата на Европскиот суд за човекови права.

Во Врховниот суд на Република Северна Македонија со одлука на Претседателот на судот е формирано Работно тело за стандардизација на употребата и унапредувањето на АКМИС програмата во судовите кое е раководено од судија на Врховниот суд на чии состаноци се одлучувало по конкретни барања од судовите во врска со примената на АКМИС програмата.

Во тековната година редовно се постапуваше и по барањата на странките по Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Постојниот стручен и административен кадар покрај ангажманот во работата на судечките совети, согласно Распоредот за работа на судиите и судската администрација за 2022 година значајна активност покажа и со учеството на едукации организирани од Академијата за судии и јавни обвинители како слушатели, но и како едукатори на теми од Програмата за обука на Академијата.

Согласно Законот за судовите во Врховниот суд е формиран и функционира информатички центар со база на податоци за информатичка технологија, надлежен за техничко управување со автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети и базите на податоци кои произлегуваат од работата на судовите.

Обемот и интензитетот на работата е изразен преку податоците за постапување на Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија во рамки на неговата недлежност и преку податоци за работата на одделите и спрецијализирани совети по конкретни предмети во текот на целата година и други активности и мерки кои беа преземени во Судот, како највисок суд во Републиката.

## СУДСКА УПРАВА

Во текот на 2022 година Претседателот на судот постапи по сите предмети од судската управа.

Податоци од Судска управа од делокругот на работа на Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија се прикажани во следната табела:

| **Област** | **Судска управа** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | **Евиденции во судска управа** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Ново примени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Предмети од судска управа | 0 | 2790 | 0 | 0 | 2790 | 2790 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **0** | **2790** | **0** | **0** | **2790** | **2790** | **0** |
| **Вид на предмет** | **Преставки и поплаки** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Ново примени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Слободен пристап до информации | 0 | 26 | 0 | 0 | 26 | 26 | 0 |
| Евиденција на преставки и поплаки | 0 | 136 | 0 | 0 | 136 | 136 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **0** | **162** | **0** | **0** | **162** | **162** | **0** |
| **Вкупно - област** | **0** | **2952** | **0** | **0** | **2952** | **2952** | **0** |

### Претставки, предлози и други обраќања од судска управа

Во текот на 2022 година во Врховниот суд на Република Македонија, примени се вкупно 136 претставки заведени во уписникот УПП.

Од вкупно доставените претставки заведени во уписникот УПП, 85 се барања за побрзо решавање на предметите, а 51 се поднесоци-претставки од други граѓани, институции и државни органи.

Според Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Претседателот од вкупно примените 85 барања за приоритетно решавање на предмети, одобрил 30, одбил 35, додека пак за останатите се добиени податоци дека предметите се земени во работа, односно дека постапката по конкретен предмет е завршена, а предметот е експедиран до надлежниот понизок суд.

Од вкупно доставените 136 поднесоци заведени во уписникот УПП, евидентирани се 3 поднесоци на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 9 поднесоци на Народниот правобранител и 2 поднесока на Министерството за правда, со барање информација во врска со поднесена ревизија, траење на постапката и друго.

По доставените поднесоци по разни основи заведени во уписникот УПП, Врховниот суд постапувал во согласност со Законот за судовите, Законот за постапување по претставки и предлози, Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Судскиот деловник и Законот за управување со движењето на предметите во судовите.

### Барања за изземања - СУ- ИЗЗ / 2022

Вкупен број на поднесени барања за изземање: 156
-број на поднесени барања од странки за изземање на судија; 5
-број на поднесени барања од странки за изземање на претседател на понизок суд; 4
-број на поднесени барања од судија на ВСРСМ за иземање на судија; 136
-број на барања за изземање поднесени од претседател на суд до претседател на непосредно повисок суд; 11

### Објавени анонимизирани одлуки

Објавувањето на Одлуките на веб страната на судот се одвива во континуитет согласно предвиденото во Законот за управување со движење на предметите, прикажано во следната табела:

| | |
|---|---|
| **Кривично** | **332** |
| **Граѓанско** | **768** |
| **Разумен рок ПСРРГ- ПСРРК- ПСРРУ** | **294** |
| **Разумен рок по жалба ПСРРЖ** | **181** |
| **УСПИЖ** | **12** |
| **УЗЗ** | **2** |
| **ВКУПНО:** | **1.589** |

### Посети на пониските судови

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија во согласност со надлежноста предвидена во член 88 од Законот за судовите и во согласност со надлежноста предвидена во член 24 став 4 од Судскиот деловник, по претходна најава, на ден 05.12.2022 година оствари работна посета на Апелациониот суд Скопје. Извештајот од извршената работна посета, изготвен од Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, е усвоен на Општата седница одржана на ден 27.12.2022 година.

На ден 14.12.2022 година, Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија во согласност со надлежноста предвидена во член 88 од Законот за судовите и во согласност со надлежноста предвидена во член 24 став 4 од Судскиот деловник, по претходна најава, оствари работна посета на Апелациониот суд Штип. Извештајот од извршената работна посета, изготвен од Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, е усвоен на Општата седница одржана на ден 27.12.2022 година.

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Во текот на 2022 година на веб страницата на Врховниот суд на Република Северна Македонија www.vsrm.mk објавени се 165 соопштенија за јавноста кои се однесуваат на работата и активностите на Врховниот суд на Република Северна Македонија и кои имаат за цел, во согласност со начелото на транспарентност, да информираат за прашањата кои се од интерес за јавноста.

Јавноста во работењето на Врховниот суд на Република Северна Македонија во согласност со Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија се обезбедува со објавување на одлуки на Судот и поважни податоци во врска со работењето на Судот на веб страницата, со доставување на службено соопштение преку средствата за јавно информирање, одржување конференции за медиумите, како и со издавање билтени и на друг

начин. Во согласност со членот 78 од Деловникот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, соопштенијата за јавност го составува портпаролот на Врховниот суд.

На веб страницата на Врховниот суд во текот на 2022 година објавени се соопштенија кои се однесуваат на одржувањето на Општите седници на Врховниот суд на Република Северна Македонија; соопштенија за седниците на судии и за седниците на одделите за граѓански дела, за казниви дела, за судска практика и за судење во разумен рок; и соопштенија кои се однесуваат на одлуките на Врховниот суд за предметите за кои постои интерес од јавноста и медиумите, односно за предмети од јавен интерес.

Во оваа насока, Врховниот суд на Република Северна Македонија објави соопштенија за донесениот Начелен став за објавувањето на неправосилни судски одлуки на веб страниците на судовите и за доставувањето на Иницијатива за измени на Законот за управувањето со движењето на предметите на судовите и на Законот за судовите во согласност со усвоениот заклучок на Општа седница.

Исто така, во извештајната година Врховниот суд објави соопштенија и известувања за донесените одлуки во врска со предмети од висок јавен интерес.

На веб страницата на Врховниот суд на Република Северна Македонија објавени се и соопштенија за интервјуата, јавните настапи и изјави на претседателот на Врховниот суд; соопштенија за учествата претседателот на Врховниот суд и судиите на Врховниот суд на меѓународни и домашни конференции, трибини, симпозиуми, семинари и други настани; соопштенија за официјалните посети на Врховниот суд од страна на претставници на меѓународните и домашни институции и организации, претседатели судии и претставници од меѓународни судови и судови од други земји; соопштенија за посетите на претставници од дипломатскиот кор; соопштенија за активностите на Советот за отворено судство; соопштенија од работни средби и состаноци со претставници од граѓанските организации, здруженија и синдикати; соопштенија за организацијата на отворени денови; соопштенија за заклучоците од Општите седници, како и соопштенија во врска со реализираните активности во согласност со остварувањето на уставните и законските надлежности на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

### Соопштенија за интервјуа, конференции, средби, настани и активности

Интервју на претседателот на Врховниот суд, Беса Адеми, за неделникот „Фокус".Во Врховниот суд доставени се мислењата на Јавното обвинителство за предметите „27 април„ и „Шпион". Објавен е Начелниот став за објавувањето на донесените судски одлуки на веб страниците на судовите. Месечен извештај за работата на Врховниот суд за месец ноември 2022 година. Работна средба на претседателите на Врховниот суд, Судскиот совет и Здружението на судии. Врховниот суд утврди Начелен став за објавувањето на донесени одлуки на веб страниците на судовите. Обраќање на претседателот на Врховниот суд на Конференција за извештаите на Коалицијата „Сите за правично судење". Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија оствари работна посета на Апелациониот суд Штип. Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија оствари работна посета на Апелациониот суд Скопје. Претставници на Врховниот суд учествуваа на Регионален форум за владеење на правото во Тирана. Во Врховниот суд делегација од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.
Месечен извештај за работата на Врховниот суд за месец октомври 2022 година. Во Врховниот суд се одржа средба со делегација на Врховниот суд на Узбекистан. Заклучоци од одржани Општи седници на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Претседателот на Врховниот суд се обрати на Меѓународната судска конференција за независноста на судството.
Претседателот на Врховниот суд со обраќање на Конференцијата на судските совети од регионот. Претставници на Врховниот суд остварија студиска посета во Осло за унапредувањето на АКМИС - системот. По повод Европскиот ден на правдата, ученици од СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен" во посета на Врховниот суд. Месечен извештај за работата на Врховниот суд за месец септември 2022 година. Трета седница на Советот за Отворено судство. Во Врховниот суд се одржа средба со претставници од Советот на Европа во врска со системот за бесплатна правна помош. Делегација на Врховниот суд учествуваше на Регионална конференција за примената на Европската конвенција. Амбасадорот на ЕУ, Дејвид Гир, официјално и го предаде Извештајот на ЕУ на претседателката на Врховниот суд, Беса Адеми. Прва официјална средба на претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија со амбасадорот на Кралството Шпанија.

Адеми: Интегритетот на судијата е најсилната гаранција дека тој нема да биде подложен на притисоци и влијанија. Прва протоколарна средба на претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија со амбасадорот на Република Франција.
Работна средба на претседателот на Врховниот суд и претседателот на УПОЗ.
Претседателот на Врховниот суд се обрати на Тркалезна маса посветена на спречување на корупцијата во судството. Советот за Отворено судство го усвои Деловникот за работа и избра ко-претседатели. Поздравно обраќање на Претседателот на Врховниот суд по повод отворањето на новата зграда на Управниот суд. Претставници од Врховниот суд на Регионална конференција за евидентирањето на статистичките податоци за конфискуван имот. Средба на Врховниот суд и апелационите судови. Претседателот на Врховниот суд со обраќање на Регионалната конференција за правото на судење во разумен рок. Регионална конференција за примената на Европската конвенција за човекови права и правото на судење во разумен рок.
Претседателот на Врховниот суд на Конференција на претседатели на врховни судови од Централна и Источна Европа во Прага. Претседателот на Врховниот суд со поздравно обраќање пред новата генерација слушатели во Академијата за судии и јавни обвинители. Делегација на Врховниот суд на Република Северна Македонија во официјална посета на Врховниот суд на Република Србија. Адеми за МИА: Нашите заложби се многу јасни – европски стандарди за заштита на правата на граѓаните и за независност на судството. Обраќање на Претседателот на Врховниот суд на Конференцијата „Судството во Северна Македонија по реформскиот процес“.
Ученици во посета на Врховниот суд на РСМ по повод Денот на правосудството. Декларација за отворено судство. Основан Советот за отворено судство и потпишана Декларацијата за Отворено судство. Обраќање на Претседателот на Врховниот суд на РСМ, Беса Адеми, на Конференцијата за унапредување на реформите во правосудството. Врховниот суд на Република Северна Македонија ги разгледа извештаите за работата на судовите. Адеми: Ги приближуваме стандардите кон Европскиот суд за човековите права и напорно работиме за враќање на довербата во судството. Билатерална средба на Претседателот на Врховниот суд на РСМ со ВД Претседателот на Врховниот суд на Република Албанија. Претседателот на Врховниот суд оствари средба со Висока регионална координаторка за Европа од Партнерство за отворена власт. Претседателот на Врховниот суд со поздравно обраќање на Меѓународната научна конференција на Универзитетот на Југоисточна Европа. Врховниот суд на Република Северна Македонија учествуваше на Семинар на извршители одржан на 26.02.2022 година во Охрид. Средба на Претседателот на Врховниот суд на РСМ со Шефот на политички и економски оддел на Амбасадата на САД. Претставник на Врховниот суд учествуваше на Отварањето на судската 2022 година на Меѓународниот кривичен суд во Хаг. Средба на Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија и Претседателот на Основниот кривичен суд Скопје.

## Отворени денови на судот, основање на Советот за отворено судство и учество на настани за унапредување на транспарентноста на судовите

На 30.03.2022 година во Врховниот суд на Република Северна Македонија беше основан Советот за отворено судство. Во рамки на настанот беше потпишана и Декларацијата за Отворено судство. Советот за отворено судство има за цел ја зајакне транспарентноста и отвореноста на судството и за зголемена доверба на граѓаните во однос на работата на судовите. Претседателот на Врховниот суд, Беса Адеми, истакна дека Врховниот суд на РСМ како носител на судската власт ја има и должноста да обезбеди воедначена примена на законите што е предуслов за еднаква правда за сите граѓани заснована на воспоставена судска практика со што ќе се почитува начелото на правна сигурност, но во исто време ќе се обезбеди и отвореност на податоците и работата на судовите како институции кои се надлежни за правораздавање.

Работата на Советот за отворено судство е нотирана и позитивно оценета и во последниот Извештај на Европската Комисија за напредокот на Република Северна Македонија.

Врховниот суд на РСМ преку свој претставник (портпаролот на Врховниот суд) учествуваше на обуките организирани од ОБСЕ и Академијата за судии и јавни обвинители за зајакнување на капацитетите на Канцелариите за односи со јавност во правосудните институции и унапредувањето на комуникацијата со медиумите, како и на настаните организирани од новинарските здруженија посветени на унапредувањето на транспарентноста на судовите.
Канцеларијата за односи со јавност преку портпаролот на Врховниот суд обезбедува континуирана комуникација со медиумите, граѓанските организации и граѓаните и има интензивна

соработка со Судско-медиумскиот совет во рамките на Здружението на судии на Република Северна Македонија за прашањата кои се однесуваат на унапредувањето на транспарентноста во согласност со начелата за отворено судство.

Во текот на 2022 година, Врховниот суд организираше и Отворени денови на судот. По повод 25 Октомври, Европскиот ден на граѓанската правда, ученици од СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен" беа во посета на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Во Врховниот суд учениците имаа можност непосредно да се запознаат со надлежностите, работата и организацијата на највисокиот суд во државата, како и со неговата улога и активности за остварувањето на правдата и владеењето на правото. Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, на учениците им порача дека правното образование доколку е нивна понатамошна определба треба да го градат со многу посветеност и дека тие како генерација ќе ја претставуваат иднината на правниот систем и на правосудните институции.

По повод 31 март, Денот на правосудството, Врховниот суд на Република Северна Македонија го посетија ученици од Основното училиште „Наим Фрашери" од Куманово. Во Врховниот суд, учениците се запознаа со работата и со надлежностите на Врховниот суд како највисок суд во државата, како и со функционирањето на судството како носител на власта која се грижи за обезбедување и за афирмација на правната сигурност на граѓаните.

**ПОСЕТИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

Претставник на Врховниот суд на Република Северна Македонија, учествуваше на свечено отворање на судската 2022 година на Меѓународниот кривичен суд со седиште во Хаг, одржано на 20.01.2022 година во виртуелен формат;

Делегација на Врховниот суд на Република Северна Македонија, предводена од претседателот на судот, Беса Адеми, на 16.03.2022 година оствари билатерална средба со ВД Претседателот на Врховниот суд на Република Албанија;

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, на 01.04.2022 година присуствуваше и се обрати на Регионалната конференција на тема „Судството во Северна Македонија по реформскиот процес", која на Денот на правосудството ја организираше Здружението на судии;

Претседателката на Врховниот суд, Беса Адеми, се обрати на Меѓународната судска конференција за независноста на судството во организација на Здружението на судии и Амбасадата на САД во Република Северна Македонија и во соработка со CEELI Институтот од Прага;

Делегација на Врховниот суд на Република Северна Македонија, предводена од претседателот на судот, Беса Адеми, на 07.04.2022 година во официјална посета на Врховниот суд на Република Србија;

Претседателката на Врховниот суд, Беса Адеми, учествуваше на Конференција на претседатели на Врховни судови од Централна и Источна Европа во организација на CEELI институтот која се одржа во Прага во периодот 15-17 април 2022 година;

Во организација на Врховниот суд на Република Северна Македонија и во соработка со Европската унија и со Советот на Европа во рамки на проектот „Иницијатива за правна сигурност на Западен Балкан" на 02 и 03 јуни 2022 година во Скопје се одржа дводневна Регионална конференција за примената на Европската конвенција за човекови права и правото на судење во разумен рок на тема „Унификација на примената на Европската конвенција за човекови права на национално ниво и правото на судење во разумен рок";

Претставници од Врховниот суд на Република Северна Македонија на 13 и 14 јуни 2022 година во Сараево, учествуваа на Регионална конференција на тема „Постигнување точно, стандардизирано евидентирање на статистичките податоци за конфискуван имот во кривичните постапки", во организација на Регионалната антикорупциска инцијатива и АИРЕ Центарот од Лондон;

Трочлена делегација на Врховниот суд на Република Северна Македонија учествуваше на Регионалната конференција на тема „Примена на Европската Конвенција за заштита на човековите права – искуства и предизвици на судовите во Централна и Југоисточна Европа“, која се одржа во Белград, Република Србија на 15 и 16 септември 2022 година;

Во Врховниот суд на Република Северна Македонија се одржа состанок на 19.09.2022 година со претставници на Норвешката судска администрација во рамки на посетата на Република Северна Македонија во врска со донација на Владата на Кралството Норвешка за изработка на нов АКМИС систем;

Врховниот суд учествуваше со свој претставник на Регионалната завршна конференција на Заедничката програма на Европска унија/Совет на Европа „Horizontal Facility за Западен Балкан и Турција – Фаза II “ која се одржа на 27-28 септември 2022 година во Будва, Црна Гора;

Во Врховниот суд на Република Северна Македонија се одржа средба со претставници од Совет на Европа на 05.10.2022 година, во рамките на проектот „Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош (БПП) во Северна Македонија“ (кој што е дел од програмата Хоризонтален инструмент II), спроведуван од Советот на Европа, а финансиран од Европската унија и Советот на Европа;

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, учествуваше во работата и имаше обраќање на Конференцијата на судските совети од регионот, на која се споделија позитивните практики за поефикасно функционирање на судските институции;

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија оствари средба со Амбасадорот на Европската Унија во Република Северна Македонија, Н.Е. Дејвид Гир на 13 октомври 2022 година, на која официјално беше предаден Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија за 2021 година во рамки на процесот на пристапување кон ЕУ;

Претставници на Врховниот суд на Република Северна Македонија на покана на Административниот судски совет на Норвешка остварија студиска посета на Окружниот суд во Осло за унапредувањето на АКМИС – системот;

Правосудна делегација од Узбекистан на 10.11.2022 година оствари посета на Врховниот суд на Република Северна Македонија (во рамки на студиската посета на Република Северна Македонија - Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, Судскиот совет и Врховниот суд на РСМ);

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија оствари средба со претставници на ОБСЕ мисијата во Скопје на 24.11.2022 година на која беше презентиран „Преодниот извештај за констатирани наоди и препораки“, кој е резултат на Регионалниот проект на ОБСЕ за набљудување на судските процеси од областа на организираниот криминал и корупција;

Претставници од Врховниот суд на Република Северна Македонија учествуваа на Регионален форум за владеење на правото во Југоисточна Европа, кој во организација на АИРЕ Центарот се одржа во Тирана, Република Албанија на 25 и 26 ноември 2022 година;

Претставници од Врховниот суд на Република Северна Македонија присуствуваа на Билатералниот состанок за ПОГЛАВЈЕ 23 – Правосудство и фундаментални права кој се одржа на 01/02 декември 2022 година, во Брисел, Белгија;

Претставници од Врховниот суд на Република Северна Македонија остварија студиска посета на Совет на Европа и Европскиот суд за човекови права во Стразбур 06-07 декември, 2022 година;

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија и амбасадорот на Кралството Шпанија во Република Северна Македонија, г. Хосе Луис Лозано Гарсија, остварија прва официјална средба во Врховниот суд на Република Северна Македонија.

## Барање по Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер

Број на примени барања:

Во периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година, во Врховниот суд на Република Северна Македонија примени се вкупно 26 барања за пристап до информации од јавен карактер, од кои 11 барања се поднесени од правни лица, а 15 барања се поднесени од физички лица.

- Број на позитивно одговорени барања;

Со решение позитивно е одговорено на 16 барања.

Препратено е 1 (едно) барање до имателите на информациите според содржината на барањето согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, за што е испратено известување до барателот.

На 9 (девет) барања поднесени од физички лица кои се однесуваат на поставени прашања кои не се поврзани со слободен пристап до информациите од јавен карактер со известувања одговорено е до подносителите на барањата.

- Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање;

Одбиени и отфрлени барања нема.

- Број на неодговорени барања;

По сите барања за пристап до информации од јавен карактер примени во Врховниот суд на Република Северна Македонија во текот на извештајниот период е постапено и одговорено. Неодговорени барања нема.

- Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација);

Во извештајниот период до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер била поднесена една (1) жалба од физичко лице против Врховниот суд по предмет насловен барање за пристап до информации од јавен карактер, од причина што, како било наведено во жалбата, Врховниот суд не постапил по барањето на подносителот во законски предвидениот рок.

- Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата;

Нема усвоени жалби со одлука на Агенцијата.

- Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата

Нема преиначени одлуки по постапување на Агенцијата.

- Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање

Има една жалба, која е одбиена со образложение дека имателот на информацијата постапил по предметот.

**-** Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање.

Нема.

## Податоци за работа на Канцеларијата за односи со јавност

Информации за текот на постапките кои се водат во Судот, согласно законите и Судскиот деловник, на прашања поставени од медиумите кога се работи за предмети кои предизвикуваат поголем интерес во јавноста, како и на странките кои имаат правен интерес и други прашања се даваат преку info@vsrm.mk и portparol@vsrm.mk, преку одговори по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер и преку Кабинетот на Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

## ПРЕДМЕТНО ОДЛУЧУВАЊЕ НА НИВО НА СУД

Врховниот суд на Република Северна Македонија **извештајната 2022 година** ја заврши како ефикасен суд, **приливот на предмети е целосно совладан, а заостатокот е намален за 149 предмети.**

Во 2022 година Врховниот суд имал вкупно во работа **3069** предмети од сите видови, од кои **8** предмети се заведени повторно во работа, **1** предмети се водат како погрешно заведени.

Годината е започната со **956** нерешени предмети од 2021 година, а во текот на годината новопримени се **2106** предмети. Од нив решени се **2262** предмети, останале нерешени **807** предмети.

### Извештај по оддели за период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година

| **Област** | **Граѓанска област** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Ново примени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Разни граѓански предмети и разни судир на надлежност | 6 | 359 | 0 | 0 | 365 | 334 | 31 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **6** | **359** | **0** | **0** | **365** | **334** | **31** |
| **Вид на предмет** | **Граѓански предмети по ревизија** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Ново примени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Трговски спорови - ревизија | 173 | 213 | 1 | 0 | 387 | 222 | 165 |
| Работни спорови - ревизија | 63 | 132 | 1 | 0 | 196 | 92 | 104 |
| Граѓански спорови-ревизија | 375 | 437 | 0 | 0 | 812 | 455 | 357 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **611** | **782** | **2** | **0** | **1395** | **769** | **626** |
| **Вкупно - област** | **617** | **1141** | **2** | **0** | **1760** | **1103** | **657** |
| **Област** | **Кривична област** | | | | | | |
| **Вид на предмет** | | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Ново примени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Разни кривични предмети | 9 | 299 | 0 | 0 | 308 | 282 | 26 |
| Заштита на законитоста по кривични предмет | 7 | 18 | 0 | 0 | 25 | 24 | 1 |
| Вонредно ублажување на казната | 6 | 13 | 0 | 0 | 19 | 14 | 5 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **22** | **330** | **0** | **0** | **352** | **320** | **32** |
| **Вид на предмет** | **Вонредно преиспитување на правосилна пресуда** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Ново примени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вонредно преиспитување на правосилна пресуда организиран криминал - совет од петмина судии | 11 | 18 | 0 | 0 | 29 | 23 | 6 |
| Вонредно преиспитување на правосилна пресуда - совет од петмина судии | 85 | 174 | 0 | 0 | 259 | 238 | 21 |
| **Вкупно - вид на предмет** | 96 | 192 | 0 | 0 | 288 | 261 | 27 |
| **Вид на предмет** | **Третостепени кривични предмети** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешен и** | **Ново примени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Жалби по пресуди во трет степен | 6 | 40 | 0 | 0 | 46 | 36 | 10 |
| Жалби на решенија на притвор | 0 | 36 | 0 | 0 | 36 | 36 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **6** | **76** | **0** | **0** | **82** | **72** | **10** |
| **Вкупно - област** | **124** | **598** | **0** | **0** | **722** | **653** | **69** |
| **Област** | **Судење во разумен рок** | | | | | | |
| **Вид на предмет** | **Судење во разумен рок - второстепени** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешен и** | **Ново примени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Судење во разумен рок - жалби | 43 | 160 | 1 | 0 | 204 | 181 | 23 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **43** | **160** | **1** | **0** | **204** | **181** | **23** |
| **Вид на предмет** | **Судење во разумен рок - првостепени** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешен и** | **Ново примени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Судење во разумен рок - Управна | 86 | 61 | 2 | 0 | 149 | 120 | 29 |
| Судење во разумен рок - Кривично | 21 | 45 | 0 | 1 | 65 | 47 | 18 |
| Судење во разумен рок - Граѓанско | 61 | 85 | 3 | 0 | 149 | 140 | 9 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **168** | **191** | **5** | **1** | **363** | **307** | **56** |
| **Вкупно - област** | **211** | **351** | **6** | **1** | **567** | **488** | **79** |
| **Област** | **Управна област** | | | | | | |
| **Вид на предмет** | | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешен и** | **Ново примени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Заштита на законитоста во управен спор | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| Жалби против одлуки на Управен суд | 3 | 10 | 0 | 0 | 13 | 12 | 1 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **3** | **12** | **0** | **0** | **15** | **14** | **1** |
| **Вид на предмет** | **Жалби против одлуки на ССРСМ** | | | | | | |

| Подвид на предмет | Нерешен и | Ново примени | Повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Жалби против одлуки на ССРСМ - за избор | 1 | 4 | 0 | 0 | 5 | 4 | 1 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **1** | **4** | **0** | **0** | **5** | **4** | **1** |
| **Вкупно - област** | **4** | **16** | **0** | **0** | **20** | **18** | **2** |
| **Вкупно** | **956** | **2106** | **8** | **1** | **3069** | **2262** | **807** |

## ОБЕМ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ОДДЕЛИ

### ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА

Судиите на Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија во текот на 2022 година постапуваа по казнено-правни предмети, со учество во работењето на Општата седница и седниците на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија, како и со бројни други свои активности насочени кон поефикасна и подобра примена на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани согласно Уставот, пресудите на Европскиот суд за човекови права во Стразбур, како и во вонпредметните активности и во континуитет придонесуваа за подобро остварување на улогата на Врховниот суд на Република Северна Македонија во обезбедување на единствена примена на законите од страна на судовите, посебно кога се работеше за примена на законите од областа на казненото право.

### Сумарен преглед за работа по предмети

Во текот на извештајната 2022 година, новопримени се 598 предмети, останати од месец декември 2021 година биле 124 предмети, или вкупно во работа биле 722 предмети по сите основи. Во текот на извештајната година, судиите решиле 653 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 69 предмети по сите основи. Според наведените податоци, приливот на предмети е совладан за 90,44%, а сите заостанати 124 предмети се решени во 2022 година, што укажува дека Одделот за казниви дела во 2022 година е апсолутно ефикасен во постапувањето и одлучувањето.

Прегледот на вкупно решени и нерешени предмети по разни основи во 2022 година е даден во следната табела:

| вид на предмети | Останати од XII месец 2021 | Примени во 2022 | Вкупно во работа | решени | нерешени |
|---|---|---|---|---|---|
| ВКЖ1 | - | 36 | 36 | 36 | - |
| ВКЖ2 | 6 | 40 | 46 | 36 | 10 |
| КВП1 | - | - | - | - | - |
| КВП2 | 85 | 174 | 259 | 238 | 21 |
| Квп-КОК1-Квп | - | - | - | - | - |
| Квп-КОК2-Квп | 11 | 18 | 29 | 23 | 6 |
| ВУК | 6 | 13 | 19 | 14 | 5 |
| КЗЗ | 7 | 18 | 25 | 24 | 1 |
| КР | 9 | 299 | 308 | 282 | 26 |
| **ВКУПНО** | **124** | **598** | **722** | **653** | **69** |

Остатокот од вкупно нерешени 69 предмети на крајот на 2022 година, се должи на тоа што 17 предмети кои биле пратени на мислење во Јавно обвинителство на Република Северна Македонија во тековната 2022 година, а не се вратени во Судот на одлучување до 31.12.2022 година од кои: ВУК-1 предмет, КВП2-8 предмети, КВП-КОК2-4 предмети, ВКЖ2-2 предмети и КР-2 предмети.

**Структура на решените предмети по видот на кривичните дела**

Структурата на решените предмети по видот на кривичните дела по поднесените барања за вонредно преиспитување на правосилна пресуда-КВП2, Квп.КОК2, вкупно 261 предмети, е следна:

**Глава XIV од Кривичниот законик**

Кривични дела против животот и телото

49 предмети за кривично дело – Убиство од член 123;
10 предмети за кривично дело – Телесна повреда од член 130;
8 предмети за кривично дело – Тешка телесна повреда од член 131;
1 предмет за кривично дело – Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница од член 133.

**Глава XV од Кривичниот законик**

Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот

1 предмет за кривично дело – Грабнување од член 141;
3 предмети за кривично дело–Малтретирање во вршење на службата од член 143;
3 предмети за кривично дело – Загрозување на сигурноста од член 144;

**Глава XIX од Кривичниот законик**

Кривични дела против половата слобода и половиот морал

7 предмети за кривично дело – Силување од член 186;
5 предмети за кривично дело – Обљуба врз немоќно лице од член 187;
13 предмети за кривично дело–Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години од член 188;
2 предмети за кривично дело – Обљуба со злоупотреба на положбата од член 189;
2 предмети за кривично дело – Прикажување на порнографски материјал на малолетник од член 193;

**Глава XXII од Кривичниот законик**

Кривични дела против животната средина и природата

1 предмет за кривично дело-Пустошење на шума од член 226;
1 предмет за кривично дело-Незаконит лов од член 228

**Глава XXIII од Кривичниот законик**

Кривични дела против имотот

7 предмети за кривично дело – Кражба од член 235;
1 предмет за кривично дело-Кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас од член 235-а;
19 предмети за кривично дело – Тешка кражба од член 236;
32 предмети за кривично дело – Разбојништво од член 237;
2 предмети за кривично дело – Разбојничка кражба од член 238;
1 предмет за кривично дело – Оштетување туѓи предмети од член 243;
2 предмети за кривично дело – Бесправно градење од член 244-а;
24 предмети за кривично дело – Измама од член 247;
1 предмет за кривично дело Злоупотреба на довербата од член 252;
1 предмет за кривично дело–Оштетување или повластување на доверители од член 257;
4 предмети за кривично дело – Изнуда од член 258;
1 предмет за кривично дело – Прикривање од член 261;

**Глава XXIV од Кривичниот законик**

Кривични дела против културното наследство и природните реткости

1 предмет за кривично дело-Оштетување или уништување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости од член 264

**Глава XXV од Кривичниот законик**

Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството

2 предмети за кривично дело - Перење пари и други приноси од казниво дело од член 273;

3 предмети за кривично дело – Криумчарење од член 278;
3 предмети за кривично дело – Даночно затајување од член 279;

**Глава XXVI од Кривичниот законик**

Кривични дела против општата сигурност на луѓето
2 предмети за кривично дело-Предизвикување општа опасност од член 288;
3 предмети за кривично дело-Тешки дела против општата сигурност од член 292

**Глава XXVII од Кривичниот законик**

Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај
2 предмети за кривично дело - Загрозување на безбедноста на сообраќајот од член 297;
30 предмети за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од член 300;

**Глава XXVIII од Кривичниот законик**

Кривични дела против државата
1 предмет за кривично дело – Казнување за подготвување од член 326;

**Глава XXX од Кривичниот законик**

Кривични дела против службената должност
19 предмети за кривично дело–Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353;
74 предмети за кривично дело – Несовесно работење во службата од член 353-в;
1 предмети за кривично дело – Давање поткуп од член 358;
1 предмет за кривично дело Примање награда за противзаконито влијание од член 359;

**Глава XXXI од Кривичниот законик**

Кривични дела против правосудството
1 предмет за кривично дело – Давање лажен исказ од член 367;
1 предмет за кривично дело - Незаконито влијание врз сведоци од член 368-а;
1 предмет за кривично дело – Неизвршување судска одлука од член 377;

**Глава XXXII од Кривичниот законик**

Кривични дела против правниот сообраќај
3 предмети за кривично дело – Фалсификување исправа од член 378;

**Глава XXXIII од Кривичниот законик**

Кривични дела против јавниот ред
1 предмет за кривично дело – Спречување службено лице во вршење службено дејствие од член 382;
2 предмети за кривично дело – Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста од член 383;
3 предмети за кривично дело - Учество во толпа што ќе изврши кривично дело од член 385;
7 предмети за кривично дело – Насилство од член 386;
3 предмети за кривично дело – Злосторничко здружување од член 394;
6 предмети за кривично дело – Терористичка организација од член 394-а;
16 предмети за кривично дело – Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи од член 396;

**Глава XXXIV од Кривичниот законик**

Кривични дела против човечноста и меѓународното право
6 предмети за кривично дело – Криумчарење на мигранти од член 418-б;
2 предмети за кривично дело – Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти од член 418-в;
2 предмети за кривично дело–Трговија со малолетно лице од член 418-г;

Структурата на решените предмети по видот на прекршоци, заведени во уписникот – **КР** е следна:
41 предмети-прекршок од ЗБСП ;
108 предмети-прекршок од Закон за јавен ред и мир;
2 предмети-прекршок од Закон за шуми;
31 предмети-прекршок од Закон за возила;
1 предмет-прекршок од Закон за ловството;

1 предмет-прекршок од Закон за спречување перење пари и финансирање
на тероризам
5 предмети-прекршок од Закон за прекршоци на јавниот ред и мир;
1 предмет-прекршок од Закон за безбедност и здравје при работа
2 предмети-прекршок од Закон за заштита на населението од заразни болести
-загрозување на земјата
2 предмети-прекршок од Заштита од пушењето
1 предмет-прекршок од Закон за данок;
1 предмет-прекршок против јавната безбедност со штетна последица.

Од вкупно решени 261 предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда по бројот на предмети и осудени лица, состојбата е следна:

| | Со 1 лице | Со 2 лица | Со 3 лица | Со 4 лица | Со 6 лица | Со 25 лица | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КВП1 | - | - | - | - | - | - | - |
| КВП2 | 209 | 22 | 5 | 2 | - | - | 238 |
| КВП-КОК1 | - | - | - | - | - | - | - |
| КВП-КОК2 | 15 | 3 | 3 | 1 | - | 1 | 23 |
| Вкупно | 224 | 25 | 8 | 3 | - | 1 | 261 |

Од вкупно решените 261 предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда – КВП1, КВП2, Квп.КОК1 и Квп.КОК2 **по апелациони судови** и според одлуката на советот, состојбата е прикажана во следната табела:

| судови | КВП1, КВП2 | | КВП-КОК1 | | КВП-КОК2 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | решени | нерешени | решени | нерешени | решени | нерешени |
| Апелационен суд Скопје | 115 | 3 | - | - | 23 | 6 |
| Апелационен суд Битола | 54 | 4 | - | - | - | - |
| Апелационен суд Штип | 31 | 9 | - | - | - | - |
| Апелационен суд Гостивар | 38 | 5 | - | - | - | - |
| ВКУПНО | 238 | 21 | - | - | 23 | 6 |
| | | | | | 29 | |

**Показатели за одбиени, уважени, преиначени и отфрлени барања по сите основи**

Состојбата по предметите по сите основи по кои постапувале судиите во Одделот за казниви дела, е прикажана во следната табела:

| вид на предмети | Одбиени | Уважени | На друг начин | Отфрлени | решени | нерешени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКЖ1 | 32 | 3 | - | 1 | 36 | - |
| ВКЖ2 | 19 | 6 | 1 | 10 | 36 | 10 |
| КВП1 | - | - | - | - | - | - |
| КВП2 | 161 | 24 | 1 | 52 | 238 | 21 |
| ВУК | 14 | - | - | - | 14 | 5 |
| КЗЗ | 13 | 11 | - | - | 24 | 1 |
| КР | 2 | 1 | 279 | - | 282 | 26 |
| Квп.КОК1 | - | - | - | - | - | - |
| Квп.КОК2 | 16 | 1 | - | 6 | 23 | 6 |
| ВКУПНО | 257 | 46 | 281 | 69 | 653 | 69 |

Состојбата на предметите по барањата за заштита на законитоста-**КЗЗ** поднесени од страна на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија кои биле во постапка пред Одделот за казниви дела, а кои се однесуваат на апелационите и основните судови.

Од добиените податоци од АКМИС системот, од вкупно решените 24 барања, 11 се одбиени како неосновани. Од 8 уважени предмети: во 3 предмети е укината и првостепена и второстепена пресуда, во 5 предмети е укината само второстепена пресуда и во 5 предмети е констатирана повреда на КЗ, а нерешен останал 1 предмет.

По апелациони подрачја на решени и нерешени предмети состојбата е следна: 14 предмети од Апелациониот суд Скопје, 9 предмети се решени и 3 нерешени, 2 предмети од Апелациониот суд Битола, од кои 3 решени и 1 нерешен, 6 предмети од Апелациониот суд Штип од кои 6 решени и 2 нерешени и 2 предмети од Апелациониот суд Гостивар од кои 2 предмети решени и 1 нерешен предмет. Со едно осудено лице имало 16 предмети, со две лица 3 предмети и со 5 лица 1 предмет, или вкупно 20 осудени лица.

Состојбата на предметите во постапка на трет степен – **ВКЖ1** по жалби на решенија на притвор и по жалби на пресуди на Апелационите судови е прикажана во следните табели:

ВКЖ1- жалби на решенија на притвор

| Број на примени предмети во 2022 година | Остана. од 12 месец 2021 г. | Новоприпредмети | Вкупно во работа | Отфрлени | Одбиени | Уважени | На друг начин | Решени | Нерешени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 36 | - | 36 | 36 | 1 | 32 | 3 | - | 36 | - |
| Вкупно 36 | - | 36 | 36 | 1 | 32 | 3 | - | 36 | - |

ВКЖ2 - жалби по пресуди во трет степен

| Број на примени предмети во 2022 година | Остана. од 12 месец 2021 г. | Новопри. предмети | Вкупно во работа | отфрлени | Одбиени | Уважени | На друг начин | Решени | Нерешени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 40 | 6 | 40 | 46 | 10 | 19 | 6 | 1 | 36 | 10 |
| Вкупно 46 | 6 | 40 | 46 | 10 | 19 | 6 | 1 | 36 | 10 |

По жалба на решенија за притвор – ВКЖ1 нерешени од претходната година нема, примени во 2022 година се 36 предмети, или вкупно во работа биле 36 предмети од кои во 32 предмети жалбата е одбиена како неоснована, во 3 предмети уважена е жалбата, а во 1 предмет жалбата е отфрлена.

По жалба по пресуди во трет степен – ВКЖ2 нерешени од претходната година 6 предмети, примени во 2022 година се 40 предмети, или вкупно во работа биле 46 предмет од кои 19 предмети се одбиени, 6 предмети се уважени, 10 предмети отфрлени, 1 предмет решен на друг начин, вкупно се решени 36 предмети, а останале нерешени 10 предмети.

Состојбата по предметите за вонредно ублажување на казната - **ВУК** е следна:

Од 2021 година останале нерешени 6 предмети, новопримени во 2022 година се 13 предмети, вкупно во работа биле 19 предмет од кои решени се 14 предмети, а останале нерешени 5 предмети. По видот на одлуката: 14 предмети се одбиени.

Состојбата по предметите заведени под **КР**, каде Врховниот суд на Република Северна Македонија донесува одлуки за решавање на судир на надлежност, за пренесување на месна и стварна надлежност, по поднесени поднесоци од страна на на супсидијарен тужител, по поднесени барања за екстрадиција, по поднесени барања за застареност во прекршочна постапка, по поднесени барања за враќање во поранешна постапка и друго, е следна:

Од 2021 година останале нерешени 9 предмети, новопримени во 2022 година се 299 предмети, вкупно во работа биле 308 предмети, од кои решени се 282 предмети, а останале нерешени 26 предмети. По видот на одлуката: 2 предмети се одбиени, 1 предмет е уважен и 279 предмети на друг начин, отфрлени нема.

**Времетраење на постапката по основи и по предмети**

Времетраењето на постапката по предметите пред Врховниот суд на Република Северна Македонија од приемот на предметите во Одделот за казниви дела до нивно решавање и експедиција.

Во 2022 година од добиените податоци од АКМИС системот, по одделен број на предмети не можело веднаш да се постапува поради административни пречки кои требало да бидат надминати (прибавување на списи, немање на оригинални списи, уредување на достава на второстепена пресуда до осудениот, доставени докази во фотокопии, достава до Јавно обвинителство на Република Северна Македонија и слично).

Некои од предметите во судот пристигнувале и со некомплетни списи, па било потребно да се вратат на судовите, или на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија административно, или пак се правеле обиди тоа да го прави судијата, на кого му бил распределен предметот со преписка, со органот од кого е добиен предметот.

## РАБОТА НА ОДДЕЛОТ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА

Одделот за казниви дела во текот на 2022 година на одржаните седници, постапуваше и расправаше по добиени материјали, прашања, поднесени иницијативи и барања.

На ден 31.01.2022 година беше одржана седница на Одделот за казниви дела, на која донесен е следниот **заклучок**:

Принципот на правично судење подразбира право на одржување на главна расправа и почитување на принципот на контрадикторност на постапката, кои треба да се применуваат и во постапката за одземање на предмети, со обврска на судот поднесоците на едната страна да ги достави на увид и на одговор на спротивната страна, вклучително и вештачења, со што ќе се почитува принципот на еднаквост на оружјата пред првостепениот суд, а согласно пресудата на Европскиот суд за човекови права *(Транскоп АД Битола против Северна Македонија),* бр.48057/12, § § 29-35, 1 април 2021 година).

На ден 31.01.2022 година беше одржана седница на Одделот за казниви дела, на која донесен е следниот **заклучок**:

Секогаш кога сведок кој е предложен да се распраша на главна расправа пред судот, а истиот не може да се обезбеди поради постоење на некоја од причините наведени во член 388 став 5 од ЗКП, записници за дадени искази пред Јавен обвинител, може со одлука на судот да се

изведат како доказ со читање, или со репродуцирање. Пред да се одлучи дали ќе се изведе како доказ исказ даден во истрага судот мора да испита најнапред дали постојат оправдани причини за неприсуството на сведокот на главната расправа; дали изјавата на тој сведок претставува единствена или одлучувачка основа за осудата на обвинетиот и дали постојат доволни фактори на противтежа за да може да се компензира таквата позиција на одбраната како резултат на прифаќањето доказ од сведок кој не бил испитан на главната расправа.

Судиите мора да водат грижа за целокупната правичност на кривичната постапка. Притоа, усогласеноста со барањата за правично судење мора да се испита во секој поединечен случај, имајќи го предвид развојот на постапката како целина, а не врз основа на изолирана оценка на еден посебен аспект или настан.

Релевантните принципи во врска со жалбените наводи за повреда на правата на одбраната поради докази обезбедени од отсутен сведок, презентирани во случаите на Трампевски, Пападакис, Бошкоски и Јанески против РСМ ќе се применуваат во сите случаи во врска со отсутните сведоци и сведоците со прикриен идентитет (анонимни сведоци).

Одржувањето на јавни судски рочишта (главна расправа) претставува фундаментален принцип на правичното судење. Со транспарентно спроведување на правдата, јавноста придонесува во исполнувањето на целта на правично судење, еден од основните принципи на секое демократско општество, во рамките на значењето на Конвенцијата и националните закони. Сепак, барањето за одржување јавна главна расправа подлежи на исклучоци, особено кога тоа е во интерес на моралот, јавниот ред или националната безбедност во едно демократско општество, понатаму таму каде што тоа го бараат интересите на малолетни лица или заштитата на приватниот живот на странките, или до степен кој е нужно неопходен според мислењето на судот во посебни околности каде јавноста би наштетила на интересите на правдата. Покрај тоа, може да биде неопходно да се ограничи отворениот и јавен карактер на постапките со цел, на пример, да се заштити безбедноста или приватноста на сведоците или да се промовира слободна размена на информации и мислења при спроведување на правдата.

Во сите случаи, пред да се исклучи јавноста во кривичната постапка, судијата мора конкретно да утврди и да ги образложи причините за тоа дека исклучувањето е неопходно за да се заштити јавниот интерес, при што мора да ја ограничи тајноста до степен што е неопходен за зачувување на тој интерес. При утврдувањето дали таа одлука in camera е компатибилна со правото на јавна главна расправа како составен елемент на правото на правично судење, од релевантно значење е тоа дали јавниот интерес е избалансиран со потребата за отвореност, дали на одбраната и биле презентирани сите докази и дали постапката како целина била правична.

На ден 31.01.2022 година беше одржана седница на Одделот за казниви дела, на која донесен е следниот **заклучок**:

Кога по завршена главна расправа и дадени завршни зборови на странките, во фаза на советување и гласање, судот изврши преквалификација на кривичното дело, судот имајќи ја во предвид фазата во која се наоѓа предметот не постои законска можност да го повика обвинетиот да се изјасни за вина.

На ден 16.02.2022 година беше одржана седница на Одделот за казниви дела**,** на која усвоено е **правното мислење:**

Денот кога обвинетиот ќе влезе во Казнено поправната установа за издржување на казна затвор, се смета за ден до кога тече рокот за застареност на извршувањето на казната затвор.

Екстрадиционият притвор е мерка за обезбедување на присуство на обвинетиот и времето поминато во екстрадиционен притвор се засметува во издржаната казна затвор и не може да се смета за ден кога започнува извршувањето на казната затвор.

На ден 07.12.2022 година беше одржана седница на Одделот за казниви дела, на која донесен е следниот **заклучок:**

Кога одлучува Врховниот суд во записниците по КЗЗ предмети мора да има заглавје тој записник, односно записник за одржана седница, или записник за советување и гласање.

Одделот за казниви дела во текот на 2022 година усвои сентеци по следните предмети: Кзз.бр.9/2021, Кзз.бр.10/2021, Кр.бр.204/2021 и Вкж1.бр.7/2022.

**ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА**

Согласно Законот за судовите, Судскиот деловник, Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Програмата за работа на Одделот за 2022 година и Распоредот за работа на Судот за 2022 година, Одделот за граѓански дела во текот на 2022 година работеше по предметите од областа на граѓанските спорови.

Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија во текот на 2022 година, работните задачи ги извршуваше според надлежностите определени во законските прописи по предметната материја, со Програмата за работа усвоена од страна на Одделот за граѓански дела а освен тоа ги извршуваше и поставените задачи од судот. Во Одделот за граѓански дела се одлучуваше по поднесени вонредни правни лекови против правосилни судски одлуки, како и по предмети за судир на надлежност, определување на друг стварно надлежен суд, продолжување рок за поднесување тужба за оспорување на татковство. Покрај работата по конкретни предмети, судиите учествуваа во работа на седници на Одделот за граѓански дела, каде беа разгледувани тековни прашања, беа утврдени повеќе правни мислења и заклучоци по разни спорни правни прашања за примена на законските прописи, како и беше усвоена 1 сентенца. Исто така, судиите активно учествуваа во работата на Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија и Седници на судии на Судот.

Покрај тоа, судиите од Одделот за граѓански дела со Распоредот за работа на Претседателот и судиите во Врховниот суд на Република Македонија за 2022 година, учествуваа во работа и во други оддели на судот. Имено, одделни судии учествуваа во одлучување по барањата за заштита на правото на судење во разумен рок и во второстепениот совет кој одлучува по жалбите против решенијата на советот од тројца судии по барањата за судење во разумен рок; во работата на Одделот и советот за казниви дела; во работата на специјализираниот совет кој ќе одлучува по жалба на кандидатот кој не е избран за судија; во специјализираниот совет за одлучување по жалбите против одлуките на Управниот суд од член 62 од Законот за управните спорови, по предлог за заштита поради незаконито дејствие; во работата на Одделот за судска практика, заедно со судските советници.

**Структура на предмети**

Од бројчаните показатели за 2022 година во Одделот за граѓански дела имало вкупно во работа **1.760** предмети, новопримени предмети се **1141,** решени се вкупно **1103** предмети, а нерешение предмети останале **657** предмети. од кои 109 нерешени предмети останати од 2021, 547 нерешени предмети од 2022 година.

Во 2022 година во Одделот за граѓански дела приливот на нови предмети не е совладан, односно во 2022 година примени се вкупно **1141** предмети, а решени се вкупно **1103** предмети, со што приливот не е совладан за **38** предмети. Во 2022 година заостатокот е зголемен за **40** предмети, односно од 617 предмети останати на крајот на 2021 година, во 2022 година на крајот од годината останале 657 предмети нерешени.

| Област | Граѓанска област | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на предмет | | | | | | | |
| Подвид на предмет | Нерешени | Новопримени | Повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
| Разни граѓански предмети и разни судир на надлежност | 6 | 359 | 0 | 0 | 365 | 334 | 31 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **6** | **359** | **0** | **0** | **365** | **334** | **31** |
| Вид на предмет | Граѓански предмети по ревизија | | | | | | |
| Подвид на предмет | Нерешени | Новопримени | Повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
| Трговски спорови - ревизија | 173 | 213 | 1 | 0 | 387 | 222 | 165 |
| Работни спорови - ревизија | 63 | 132 | 1 | 0 | 196 | 92 | 104 |
| Граѓански спорови- ревизија | 375 | 437 | 0 | 0 | 812 | 455 | 357 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **611** | **782** | **2** | **0** | **1395** | **769** | **626** |
| **Вкупно - област** | **617** | **1141** | **2** | **0** | **1760** | **1103** | **657** |

**Структурата на 1103 решени предмети** е следна: од Уписникот Рев1 – решени се 222 предмети; од Уписникот Рев2 – решени се 455 предмети; од Уписникот Рев3 – решени се 92 предмети; од Уписникот Р – решени се 334 предмети.

**Структурата на нерешени 657 предмети** е следна: 1 предмет останал нерешен од 2019 година од Уписникот Рев2, поради тоа што повеќе пати бил административно враќан до првостепениот суд, а решен е на почетокот на јануари 2023 година. Од 2021 година останале 32 нерешени предмети од Уписникот Рев1, од Упиникот Рев2 останале нерешени 67 предмети и од Уписникот Рев3 останале нерешени 10 предмети. Останатите 547 нерешени предмети се од 2022 година и тоа од Уписникот Рев1- 133 нерешени предмети, од Уписникот Рев2- 289 предмети и од Уписникот Рев3 останале нерешени 94 предмети, од Уписникот Р останале 31 нерешени предмети.

| Нерешени предмети по година на прием | Примени во 2019 год. | Примени во 2020 год. | Примени во 2021 год. | Примени во 2022 год. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Уписник за граѓански предмети по ревизија** | 1 | 0 | 67 | 289 | 375 |
| **Уписник за трговски спорови по ревизија** | 0 | 0 | 32 | 133 | 165 |
| **Уписник за работни спорови по ревизија** | 0 | 0 | 10 | 94 | 104 |
| **Уписник за разни граѓански предмети** | 0 | 0 | 0 | 31 | 31 |
| **Вкупно** | 1 | 0 | 109 | 547 | 657 |

**Начин на решавање на предметите**

Постапка по ревизија како вонреден правен лек, се користи од странките за заштита на своите права и интереси. Од вкупниот број граѓански предмети **1.760** кои биле во работа во 2022 година по ревизија биле **1.395** предмети, од кои од Уписникот **Рев1 - 387** предмети, од Уписниот **Рев2 - 812** предмети и од Уписникот **Рев3 - 196** предмети, односно по ревизии биле **79,3%** од вкупниот број предмети, а од овие решени по ревизија се **769** предмети, односно **55,1**%.

| Подвид на предмет | Нерешени | Новопримени | Повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Трговски спорови - ревизија | 173 | 213 | 1 | 0 | 387 | 222 | 165 |
| Работни спорови - ревизија | 63 | 132 | 1 | 0 | 196 | 92 | 104 |
| Граѓански спорови- ревизија | 375 | 437 | 0 | 0 | 812 | 455 | 357 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **611** | **782** | **2** | **0** | **1395** | **769** | **626** |

Од решените 769 предмети, содржината на одлуките по ревизии изгледа вака: одбиени 448 односно 58,2 %, преиначени 42 односно 5,5%, укинати 97 односно 12,7%, отфрлени 179 односно 23,3%, решени на друг начин 2 односно 0,3%.

| Суд | Отфрлени | Одбиени | Преиначени | Укинати | Решени на друг начин | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 123 | 307 | 25 | 66 | 2 | 523 |
| **Битола** | 26 | 71 | 8 | 10 | / | 115 |
| **Штип** | 12 | 27 | 4 | 8 | / | 51 |
| **Гостивар** | 15 | 43 | 5 | 13 | / | 76 |
| **Управен** | 3 | 1 | / | / | / | 3 |
| **Вкупно** | 179 | 448 | 42 | 97 | 2 | 769 |

Состојбата кај апелационите судови по однос на **одбиени ревизии** во 2022 година, изгледа вака:

| **Суд** | **Вкупно решени ревизии** | **Одбиени ревизии** | **Процент на одбиени ревизии** |
|---|---|---|---|
| **Скопје** | 523 | 307 | 58,7 |
| **Битола** | 115 | 71 | 61,7 |
| **Штип** | 51 | 27 | 53 |
| **Гостивар** | 76 | 43 | 56,5 |
| **Управен** | 4 | 1 | 25 |
| **Вкупно** | 769 | 448 | 58,2 |

Состојбата на апелационите судови по однос на усвоени ревизии со **преиначени одлуки** во 2022 година, е следна:

| **Суд** | **Вкупно решени ревизии** | **Преиначени одлуки** | **Процент на преиначени ревизии** |
|---|---|---|---|
| **Скопје** | 523 | 25 | 4,8 |
| **Битола** | 115 | 8 | 7 |
| **Штип** | 51 | 4 | 7,8 |
| **Гостивар** | 76 | 5 | 6,6 |
| **Управен** | 4 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | 769 | 42 | 5,5 |

Состојбата на апелационите судови по однос на усвоени ревизии со **укинати одлуки** во 2022 година, изгледа вака:

| **Суд** | **Вкупно решени ревизии** | **Укинати одлуки** | **Процент на укинати одлуки** |
|---|---|---|---|
| **Скопје** | 523 | 66 | 12,6 |
| **Битола** | 115 | 10 | 8,7 |
| **Штип** | 51 | 8 | 15,7 |
| **Гостивар** | 76 | 13 | 17,1 |
| **Управен** | 4 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | 769 | 97 | 12,7 |

Состојбата на апелационите судови по однос на **отфрлени ревизии** во 2022 година, е следна:

| Суд | Вкупно решени ревизии | Отфрлени ревизии | Процент на отфрлени ревизии |
|---|---|---|---|
| **Скопје** | 523 | 123 | 23,5 |
| **Битола** | 115 | 26 | 22,6 |
| **Штип** | 51 | 12 | 23,5 |
| **Гостивар** | 76 | 15 | 19,8 |
| **Управен** | 4 | 3 | 75 |
| **Вкупно** | 769 | 179 | 23,3 |

Состојбата на апелационите судови по однос на **ревизии решени на друг начин** во 2022 година, е следна:

| Суд | Вкупно решени ревизии | Решени на друг начин | Процент на отфрлени ревизии |
|---|---|---|---|
| **Скопје** | 523 | 2 | 0,4 |
| **Битола** | 115 | / | / |
| **Штип** | 51 | / | / |
| **Гостивар** | 76 | / | / |
| **Управен** | 4 | / | / |
| **Вкупно** | 769 | 2 | 0,3 |

### Останати постапки

Одделот за граѓански дела освен по вонредни правни лекови, одлучувал и по други предмети од негова надлежност. Тоа се, предмети за судир на надлежност, определување на друг стварно надлежен суд, продолжување рок за поднесување на тужба за оспорување на татковство, од кои биле во работа вкупно 365 предмети и од овие решени се 334 предмети, или 91,5%, а останале нерешени 31 или 8,5%.

| Подвид на предмет | Нерешени | Ново примени | Повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Разни граѓански предмети и разни судир на надлежност** | 6 | 359 | 0 | 0 | 365 | 334 | 31 |
| **Вкупно-вид на предмет** | 6 | 359 | 0 | 0 | 365 | 334 | 31 |

### Структура на предметите по правни основи

Гледано според правните основи во ревизиите по кои се одлучувало во Одделот за граѓански дела во текот на 2022 година, може да се констатира различност. Најмногубројни се предметите по основ на надомест на штета - **221** предмети или 28,7%, потоа по основ долг - **189** предмети или 24,6%, за сопственост и владение - **125** предмети или 16,3%; работни спорови - **83** предмети или 10,8%; за стечај - **42** предмети или 5,4%, поништување и раскинување на договор -

**39** предмети или 5,1%; за издршка - **35** предмети или 4,6%, за стекнување без основ - **30** предмети или 3,9%, и авторски права и индустриска сопственост - **5** предмети или 0,6%.

| **Основ** | **2022** |
|---|---|
| **Издршка** | 35 |
| **Надомест на штета** | 221 |
| **Стекнување без основ** | 30 |
| **Поништување и раскинување на договор** | 39 |
| **Долг** | 189 |
| **Сопственост и владение** | 125 |
| **Работни спорови** | 83 |
| **Стечај** | 42 |
| **Авторски права** | 5 |
| **Вкупно** | 769 |

## Траење на постапката

Во 2022 година од вкупно решени 1103 предмети, траењето на постапката над три години било во 1 предмет; од 1 до 3 години била кај 202 предмети; од 8 месеци до 1 година кај 208 предмети; од 6 до 8 месеци кај 40 предмети; од 3 до 6 месеци било кај 153 предмети; од 2 до 3 месеци кај 126 предмети, од 1 до 2 месеци кај 141 предмети, до 1 месец траела постапката кај 232 предмети.

| **Траење на постапка** | **Решени** | **до 1 мес.** | **од 1 до 2 мес.** | **од 2 до 3 мес.** | **од 3 до 6 мес.** | **од 6 до 8 мес.** | **од 8 до 1 год.** | **од 1 до 3 год.** | **над 3 год.** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Уписник за граѓански предмети по ревизија** | 455 | 20 | 42 | 41 | 71 | 20 | 133 | 127 | 1 |
| **Уписник за трговски спорови поревизија** | 92 | 3 | 6 | 13 | 18 | 8 | 23 | 21 | 0 |
| **Уписник за разни граѓански предмети** | 334 | 204 | 62 | 52 | 15 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **Уписник за работни спорови поревизија** | 222 | 5 | 31 | 20 | 49 | 11 | 52 | 54 | 0 |
| **Вкупно** | 1103 | 232 | 141 | 126 | 153 | 40 | 208 | 202 | 1 |

## Седница на оддел

Во текот на 2022 година Одделот за граѓански дела, одржа 7 седници. На седниците е расправано за разни правни прашања кои произлегуваа од предметите и правни прашања и проблеми поставени од основните и апелационите судови и други подносители, по кои се утврдени 10 правни мислења и едно дополнување на правно мислење кои се објавени на веб страната и 1 утврдена и објавена сентенца. Во Одделот за граѓански дела беше постапувано по 84 разни граѓански предмети заведени под ознаката Гр за поставени правни прашања.

**ОДДЕЛ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК**

Согласно Законот за судовите, Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија и Распоредот за работа на судиите и судската администрација за 2022 година, судиите од Одделот за судење во разумен рок во текот на **2022 година** постапуваа по предмети оформени по поднесени барања за заштита на правото на судење во разумен рок и жалби против решенијата на советите од тројца судии по барањата за заштита на правото на судење во разумен рок.

Покрај работата по конкретни предмети од Одделот за судење во разумен рок и на седници на Одделот, каде беа разгледувани тековни прашања и донесени заклучоци по правни прашања од значење за постапување на советите и воедначување на праксата на Врховниот суд со праксата на Европскиот суд за човекови права, судиите учествуваа во работата по предмети во кривичниот и граѓанскиот Оддел како и во Одделот за судска практика. Исто така, судиите учествуваа во работењето на Општата седница и седниците на судии на Врховниот суд, како и во други активности насочени кон поефикасна примена на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани со Уставот, пресудите на Европскиот суд за човекови права и во вонпредметни активности насочени кон подобрување на улогата на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

**Сумарен преглед на работа по предмети**

Одделот за судење во разумен рок, во текот на извештајната **2022** година, во работа имал **567** предмети. Вкупниот број на предмети во Одделот го сочинуваат **351** новопримени предмети, **211** предмети кои останале нерешени од претходниот извештаен период, додека **6** предмети биле повторно во работа, а **1** предмет бил погрешно заведен. Во 2022 година, во Одделот решени се **488** предмети во двата степени на одлучување, додека **79** предмети останале незавршени**.**

Пред првостепените совети во работа биле **363** предмети, од кои **191** новопримени предмети, **168** предмети кои останале незавршени од претходниот извештаен период, **5** предмети повторно во работа и **1** предмет погрешно заведен. Првостепените совети, решиле вкупно **307** предмети, додека **56** предмети останале незавршени.

Второстепениот совет во работа имал **204** предмети. Вкупната бројка на предмети ја сочинуваат **160** новопримени предмети, **43** предмети кои останале нерешени од претходниот извештаен период и **1** предмет кој бил повторно во работа. На крајот на извештајниот период, второстепениот жалбен совет решил **181** предмет, додека **23** предмети останале нерешени**.**

## Врховен суд на Република Северна Македонија - извештај за период: 1.2022 - 12.2022

## Оддел за судење во разумен рок

| **Област** | **Судење во разумен рок** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | **Судење во разумен рок - второстепени** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Судење во разумен рок - жалби | 43 | 160 | 1 | 0 | 204 | 181 | 23 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **43** | **160** | **1** | **0** | **204** | **181** | **23** |
| **Вид на предмет** | **Судење во разумен рок - првостепени** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Новопримени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Судење во разумен рок - Управна | 86 | 61 | 2 | 0 | 149 | 120 | 29 |
| Судење во разумен рок - Кривично | 21 | 45 | 0 | 1 | 65 | 47 | 18 |
| Судење во разумен рок - Граѓанско | 61 | 85 | 3 | 0 | 149 | 140 | 9 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **168** | **191** | **5** | **1** | **363** | **307** | **56** |
| **Вкупно - област** | **211** | **351** | **6** | **1** | **567** | **488** | **79** |

**Табеларен приказ на бројот на предмети во Одделот за 2022 година.**

Според начинот на решавање на предметите, од решените **488** предмети на ниво на Оддел**,** - во **273** предмети - барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е одбиено како неосновано, во **169** предмети - барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е усвоено, додека во **46** предмети - барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е отфрлено**.**

## Начин на решавање - разумен рок 2022

| name | Отфрлени | Одбиени | Уважени | На друг начин | Ново примени | Незавршени на крајот на периодот | Решени | ни од претход ниот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уписник за право на судење во разумен рок управно | 19 | 60 | 41 | | 63 | 29 | 120 | 86 |
| Уписник за право на судење во разумен рок по жалба | 3 | 144 | 34 | | 161 | 23 | 181 | 43 |
| Уписник за право на судење во разумен рок,кривично | 6 | 20 | 21 | | 44 | 18 | 47 | 21 |
| Уписник за право на судење во разумен рок,граѓанско | 18 | 49 | 73 | | 88 | 9 | 140 | 61 |
| | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | 46 | 273 | 169 | | 356 | 79 | 488 | 211 |

**Сумарен преглед на работа по предмети на првостепените совети**

Во текот на **2022** година, првостепените совети во работа имале **363** предмети или **64 %** од вкупниот број од **567** предмети во Одделот.

Бројот од **363** предмети во работа пред првостепените совети, го сочинуваат **195** или **54%** новопримени предмети и **168** или **46%** предмети кои останале нерешени од претходниот извештаен период.

Првостепените совети, **решиле** вкупно **307** предмети или **85%,** додека незавршени останале **56** предмети или **15 %** од вкупниот број предмети во работа**.**

## Начин на решавање - разумен рок 2022

| name | Отфрлени | Одбиени | Уважени | На друг начин | Ново примени | Незавршени на крајот на периодот | Решени | Нерешени од претходниот период | Вкупно во работа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уписник за право на судење во разумен рок управно | 19 | 60 | 41 | | 63 | 29 | 120 | 86 | 149 |
| Уписник за право на судење во разумен рок,кривично | 6 | 20 | 21 | | 44 | 18 | 47 | 21 | 65 |
| Уписник за право на судење во разумен рок,граѓанско | 18 | 49 | 73 | | 88 | 9 | 140 | 61 | 149 |
| **ВКУПНО** | 43 | 129 | 135 | | 195 | 56 | 307 | 168 | 363 |

Имајќи го предвид начинот на решавање на предметите во првостепените совети, може да се констатира дека од решените **307** предмети, преовладува бројот на решени предмети во кои барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е усвоено, односно констатирана е повреда на правото на судење во разумен рок и определен е правичен паричен надоместок и тоа во вкупно **135** предмети или **44 %**, од кои **73** предмети од граѓанската материја или **54 %,** следуваат **41** или **32 %** предмети од управна материја **и 21** или **15** *%* предмети од кривична материја.

Од решените **307** предмети пред првостепените совети, **129** предмети или **42 %,** завршиле со одбивање на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок како неосновано. Во овие предмети преовладува бројот на предмети од управната материја - **60** или **46,5** %. Бројот на предмети од граѓанската материја кои биле решени со одбивање на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок како неосновано изнесува **49** предмети или **38%,** додека бројот на предмети од кривичната материја кои биле решени со одбивање на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок како неосновано изнесува **20** или **15,5%.**

Од решените **307** предмети, **43** предмети или **14 %***,* завршиле со отфрлање на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок. Од вкупно отфрлените барања, преовладуваат предметите од управна материја - **19** предмети или **44 %, с**ледуваат **18** предмети од граѓанската материја или **42 %** и **6 п**редмети од кривична материја или **14 %.**

Анализата на број на решени предмети пред првостепените совети и параметрите согласно начинот на одлучување по барањата за заштита на правото на судење во рзумен рок во извештајниот период, покажува дека преовладува бројот на решени предмети со усвојување на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, односно утврдување на повреда на постапката, определување на правичен паричен надоместок и утврдување на рок за завршување на постапката, доколку се работи за постапка во тек, особено во предметите од граѓанската материја**.**

Минимален е бројот на предмети кои останале нерешени и кој изнесува **56** предмети или **15 %,** од кои преовладуваат предметите од управна материја – **29** предмети или **52 %, 18** предмети или **32 %** од кривична материја **и 9** или **16 %** предмети од граѓанска материја**.**

Имајќи ги во предвид параметрите, кои ги цени советот при одлучување по конкретно барање за заштита на правото на судење во разумен рок, како што се сложеноста на предметот, времетраење на постапката, однесување на странките во постапката и однесување на судот кој постапувал, најчестите повреди на постапката за заштита на правото на судење во разумен рок, која завршила со усвојување на барањето и определувањето на правичен надоместок, можеме да констатираме кај предметите од граѓанската материја**,** а најголем број на предмети кои останале во работа се предметите од управната материја, а поради ненавремено или некомплетно доставување на списи по предметите, од судот или органите.

## Траење на постапка пред првостепените совети

Пред првостепените совети **решени се 307** предмети, во кои времетраењето на постапување по изјавените барања за заштита на правото на судење во разумен рок, го опфаќа периодот од прием на барањето, преку испраќање на писма – барања за достава на предметите, комплетно оформување на предметот, изработка на писмен извештај, реферирање на предметот пред членовите на советот па се до писмена изработка на одлуката и експедирање на решение до подносителот на барањето.

**Траење на постапка - Разумен рок за 2022 I Степен**

| name | Вкупно во работа | Решени | до 1 месец | до 2 месеца | до 3 месеца | до 6 месеца | над 6 месеци | Останати за работа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уписник за право на судење во разумен рок,граѓ | 149 | 140 | 10 | 21 | 19 | 44 | 46 | 9 |
| Уписник за право на судење во разумен рок,крив | 65 | 47 | | 8 | 7 | 13 | 19 | 18 |
| Уписник за право на судење во разумен рок упра | 149 | 120 | 8 | 11 | 7 | 18 | 76 | 29 |
| | | | | | | | | |
| ВКУПНО | 363 | 307 | 18 | 40 | 33 | 75 | 141 | 56 |

Од вкупно решените **307** првостепени предмети или **85 %,** од кои
- во период до **1** месец решени се **18** предмети или **6%** од кои,
ПСРРГ – 10 предмети или **55,5%**
ПСРРУ – 8 предмети или **44,5%**
**-** во период до **2** месеци решени се **40** предмети или **13%** од кои:
ПСРРУ - **11** предмет или **27,5%**
ПСРРГ - **21** предмети или **52,5%**
ПСРРК - **8** предмети или **20%**
**-** во период до **3** месеци решени се вкупно **33** предмети **или 11%** од кои:
ПСРРУ - **7** предмет или **21 %,**
ПСРРК - **7** предмети или **21%,**
ПСРРГ - **19** предмети или **58%.**
**-** во период до **6** месеци**,** решени се вкупно **75** предмет или **24 %,** од кои
ПСРРУ - **18** предмет или 24%
ПСРРГ - **44** предмети или 59%
ПСРРК - **13** предмети или 17%
**-** во период подолг од **6** месеци, решени се **141** предмети или **46%,** од кои:
ПСРРУ - **76** предмет или **54%**
ПСРРГ - **46** предмети или **33%**
ПСРРК - **19** предмети или **13%**
- останати за работа во **2023** се **56** предмети или **15%**, од кои:
ПСРРУ - **29** предмет или **52%**
ПСРРГ - **9** предмети или **16%**
ПСРРК - **18** предмет или **33%**

Видно од табелата и процентуалната застапеност на времетраењето на постапката пред првостепените совети, може да се заклучи дека преовладува бројот на решени предмети во период кој ја надминува законски определената рамка. Причина за пречекорување на рокот од 6 месеци како законска рамка за решавање на овој вид предмети пред Врховниот суд на Република Северна Македонија, како и минатата година, е ненавременото доставувањето на оригиналните списи по предметите на кои се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок. Имено, по приемот на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок и оформувањето на предмет во ВСРСМ, обврска на судијата - известител во соработка со стручниот соработник е изработка на писмо – ургенција со барање на оригиналните списи на предметот од судот или органот пред кој се водела постапката. Одлучувањето по предметите надвор од законски предвидениот рок, единствено се должи на ненавременото доставување на оригиналните списите по бараните предмети и покрај повеќе испратени ургенции за достава на списи, како од судовите така и од страна на органите на управата пред кој се водат постапките.

Во овој контекс, Одделот констатира дека недостасува правно средство со кое Врховниот суд на Република Северна Македонија ќе наметне обврска најчесто на органите на управата, но и на пониските судови, за побрзо доставување на списите на судските постапки кои се предмет на барањата за заштита на правото на судење во разумен рок, особено во случаите кога предметот на кој се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, е активен односно предметот е во тек, каде постапката по предметот не може да продолжи се до конечното одлучување по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок. Неможноста, во сите случаи да се почитува рокот од 6 месеци за решавање по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок се воочува и во минатите извештајни периоди на Одделот. Оваа констатација била предмет на разгледување и пред седниците на Одделот, каде се донесени соодветни заклучоци, кои сами по себе не можат да дадат резултат, ако системски не се пристапи и кон преиспитување и промена на процесните правила за решавање по овој вид предмети, како и објективноста на поставената законска рамка, која не кореспондира со судската пракса на Европскиот суд за човекови права. Имено, со законска рамка од 6 (шест) месеци, не создавањето на процесни услови да се забрза постапката, со ненавремено доставување на оригинални списи по предметите и процесна неможност за решавање на предметите во тој рок и во двата степени на одлучување пред

Врховниот суд на Република Северна Македонија, само по себе значи давање можност странките – барателите да се жалат и на долгото траење на постапката и пред Овој суд.

Неможноста Врховниот суд на Република Северна Македонија во сите случаи да го испочитува рокот – рамката од 6 (шест) месеци за завршување на постапките по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, значат и обврска за преиспитување на законскиот рок во контекс на конзистентност на постапката пред Врховниот суд на Република Северна Македонија. Во тој контекст, повторно се потенцира обврската за претседателите на судовите, да се заложат за доставување на списите на предметите по кои се врши оценка на постапувањето во разумен рок, се со цел Врховниот суд на Република Северна Македонија да може да ги испочитува роковите за судење во разумен рок, имајќи предвид дека последиците од ненавременото постапување по задолжението за доставување на списите по предметите кои се потребни за постапување по барањата за судење во разумен рок, се одразува на вкупното постапување по овие предмети пред Врховниот суд на Република Северна Македонија, а со тоа и на оценката за ефикасноста на правното средство. Од значење за следење на ефикасноста на правното средство е да се инсистира преку претседателите на судовите, навремено да се даваат податоци за почитувањето на роковите дадени од овој суд за завршување на предметите кои се во тек, во процесната фаза на одлучување на која се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок.

**ОБЕМ НА РАБОТА, ВИД И НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА ВТОРОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ ВО ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НАДЛЕЖЕН ДА ОДЛУЧУВА ПО ЖАЛБИТЕ ИЗЈАВЕНИ ПРОТИВ РЕШЕНИЈАТА НА ПРВОСТЕПЕНИТЕ СОВЕТИ**

Во текот на **2022** година, второстепениот жалбен совет вкупно во работа имал **204** предмети или **36%** од вкупниот број **567** предмети во Одделот.

Вкупниот број **204** предмети пред жалбениот совет, го сочинуваат **161** новопримени или **79 %** и **43** предмети или **21%** кои останале нерешени од претходниот извештаен период. Второстепениот совет во извештајниот период решил **181** предмети или **89%,** додека **23** предмети или **11%** останале незавршени.

**Начин на решавање - разумен рок 2022 II степен**

| name | Отфрлени | Одбиени | Уважени | На друг начин | Ново примени | Незавршени на крајот на периодот | Решени | Нерешени од претходниот период | Вкупн во работ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уписник за право на судење во разумен рок по жалба | 3 | 144 | 34 | | 161 | 23 | 181 | 43 | 204 |
| **ВКУПНО** | 3 | 144 | 34 | | 161 | 23 | 181 | 43 | 204 |

Второстепениот совет во текот на **2022** година **решил 181** предмети или **89%** од вкупниот број **204** предмети во работа, од кои:
- во **144** предмети или **80%,** жалбата е **одбиена** како неоснована,
- во **34** предмети или **19%**, жалбата е **усвоена** и
- во **3** предмети или **1%**, жалбата е **отфрлена**,

Анализата на вкупниот број решени предмети во вторестепениот совет дадени по структура покажува тенденција на релативно краток период на постапување по предметите односно преовладува бројот на решени предмети, а параметрите на усвоени**,** одбиени и отфрлени барања, во извештајниот период покажуваат дека преовладува бројот на решени – предмети со одбивање на жалбата како неоснована односно со потврдување на првостепеното решение во вкупно **144** предмети, односно **80%** од предметите во жалбениот совет**.**

**ВРЕМЕ НА ПОСТАПУВАЊЕ НА ВТОРОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ ПО ИЗЈАВЕНИТЕ ЖАЛБИ**

Времетраењето на постапување на второстепениот совет во Врховниот суд на Република Северна Македонија надлежен за одлучување по жалбите изјавени против првостепените решенија, го опфаќа периодот од приемот на жалбата во Врховниот суд на Република Северна Македонија, до експедирање на второстепеното решение до подносителот на барањето.

**Траење на постапка - Разумен рок за 2022 год. II степен**

| name | Вкупно во работа | Решени | до 1 месец | до 2 месеца | до 3 месеца | до 6 месеца | над 6 месеци | Останати за работа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уписник за право на судење во разумен рок по жалба | 204 | 181 | 39 | 66 | 39 | 35 | 2 | 23 |
| | | | | | | | | |
| ВКУПНО | 204 | 181 | 39 | 66 | 39 | 35 | 2 | 23 |

Од **204** предмети во работа пред второстепениот жалбен совет, односно од решените **181** предмет,

- за период до **1** месец постапката е завршена во **39** предмети или **21.5 %,**
- за период до 2 месеци постапката е завршена во **66** предмети или **36 %,**
- за период до **3** месеци постапката е завршена во **39** предмети или **21,5 %,**
- за период до **6** месеци постапката е завршена во **35** предмети или **20%,**
- за период од над **6** месеци постапката е завршена во **2** предмети или **1%,**
- останати за работа во **2022** се **23** предмети или **11%.**

Анализата на времето на решавање на предметите пред жалбениот совет, покажува **релативно почитување на рокот од 6 месеци**, како законска рамка за решавање по предметите и во двата степена на одлучување пред Врховниот суд на Република Северна Македонија. Ова, особено што при поставувањето на законската рамка од 6 (шест) месеци не се имало во вид потребното време за доставување на решените предмети во прв степен до странките и течењето на рокот за жалба. Оттука, времето на решавање на предметите пред жалбениот совет земено само за себе детерминира дека рокот за постапување по овој вид предмети пред Врховниот суд на Република Северна Македонија е неконзистентен со праксата на Европскиот суд за човекови права.

## Правичен надоместок

Од решените **488** предмети на ниво на Оддел, од кои **307** предмети во прв степен и **181** предмети во втор степен, по кои е одлучувано во Одделот за судење во разумен рок во **2022** година, максималиот износ кој е досуден на име правичен надоместок поради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок во првостепените совети во **169 усвоени** барања изнесува **1.150.000 денари** и се однесува на повеќе подносители кои своето право на судење во разумен рок го оствариле со едно барање, додека минимално досудениот износ во **првостепените совети изнесува 5.000** денари. Максималниот износ кој е досуден на име правичен надоместок поради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок во **второстепениот жалбен совет,** *во* **34 усвоени** жалби, изнесува **40.000** денари, а минималниот износ на име правичен надоместок од страна на второстепениот совет изнесува **3.900** денари.

Од решените **488** предмети во Одделот во **2022** година, односно **135** усвоени барања во **прв степен,** досуден е правичен надоместок во вкупен износ од **5.321.802** денари, а во **второстепениот жалбен** совет односно во **34** усвоени жалби вкупно досудениот надоместок изнесува **311.900** денари или вкупен износ во **двата** степени на одлучување, за **169** усвоени барања изнесува **5.633.702** денари, на име правичен надоместок поради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок и трошоци на постапката по поднесените барања за заштита на правото на судење во разумен рок.

**Седница на одделот**

На седниците на Одделот за судење во разумен рок беа расправани значајни правни прашања кои произлегуваат од предметите оформени по барања за заштита на правото на судење во разумен рок, а воедно беа разгледувани и месечните извештаи за работата на советите на ниво на Оддел.

Во текот на 2022 година, Одделот за судење во разумен рок одржа 3 (три) седници и тоа на: **22.03.2022** година, **18.04.2022** година и **28.11.2022** година, на кои освен тековните прашања од значење за работа на Одделот, како што се движење на предметите и месечните извештаи, беше донесено едно правно мислење.

## ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА

Согласно со Законот за судовите, Судскиот деловник, Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија и Програмата за работа на Одделот за судска практика за 2022 година, Одделот за судска практика во текот на 2022 година, работеше на остварување на основната цел, насоките и приоритетите во воедначување на примената на законот и следење на судската практика на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

### Обем и квалитет на работа

Одделот за судска практика, во рамки на своето редовно работење, одржа 4 седници во текот на 2022 година, заведени под СПЗ број.

Во остварување на основната цел - доследно следење и унифицирање на судската практика, Одделот за судска практика во текот на 2022 година, утврдените начелни ставови на Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, правни мислења, заклучоци и сентенци на специјализираните оддели, ги евидентираше во посебна книга и електронски со систематизирање по правни области, при што ги објавуваше на веб страната на Врховниот суд на Република Северна Македонија, во делот за судската практика.

Во текот на 2022 година, на веб страната на Врховниот суд на Република Северна Македонија, се објавени еден (1) начелен став и едно (1) дополнување на начлен став, дванаесет (12) правни мислења и едно (1) дополнување на правно мислење, два (2) заклучоци и пет (5) сентенци, за кои во продолжение е даден опис.

**Начелни ставови утврдени од Општата седница:**

- Објавување на неправосилни одлуки
- Дополнување на начелнен став од 28.04.2021 година, во врска со надлежноста на Врховниот суд на Република Северна Македонија

**Правни мислења утврдени од Одделот за граѓански дела:**

- Извршување на парично побарување спрема РСМ и нејзините органи, определување минимални средства за вршење на дејност
- Утврдување на пазарна вредност на експроприрана недвижност
- Надомест на прирастоци на експроприрана недвижност
- Награда за правна помош на адвокат во спорови за промена на издршка
- Судир на надлежност помеѓу основен и Управен суд за разрешување на директор на установа
- Додаток за степен на кариера
- Надлежност за извршување на судски одлуки со кои се определени привремени мерки
- Определување друг стварно надлежен суд
- Право на регрес за штета предизвикана од неосигурано моторно возило
- Активна легитимација на адвокатско друштво во спорови за претходни побарувања на адвокати-основачи на адвокатското друштво
- Дополнување на правно мислење - Надлежност за извршување на судски одлуки со кои се определени привремени мерки

**Правно мислење утврдено од Одделот за казниви дела:**

- Екстрадиционен притвор и застареност на извршување на казната затвор

**Правно мислење утврдено од Одделот за судење во разумен рок:**

- Одлучување по барање за судење во разумен рок поднесено од повеќе лица во стечајна постапката

**Заклучоци донесени од Одделот за казниви дела:**

- Заклучоци за примена на принципите и ставовите на ЕСЧП во пресудите Бошкоски против РСМ и Јаневски против РСМ.
- Заклучоци за примена на принципот на правично судење имплементиран во пресудата на ЕСЧП Транскоп Битола против РСМ.

**Сентенца донесена од Одделот за граѓански дела:**

- Придонес на пешак како учесник во сообраќајна незгода

**Сентенци донесени од Одделот за казниви дела:**

- Надлежен суд за бришење на осуда
- Гонење по предлог на друго лице како оштетен
- Недостиг на ефективен правен лек на трети лица
- Времетраење на куќен притвор со преиначување на притворот

Во текот на 2022 година, Одделот за судска практика вршеше селектирање, евидентирање и систематизирање по правни области на донесените одлуки од правна важност (значајни одлуки) на судечките совети на Врховниот суд на Република Северна Македонија во фолдерот „Судска пракса“, кој претставува интерна база на податоци достапна на сите судии и стручни судски советници на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Воедно, од страна на Одделот за судска практика се следеа одлуки на Врховниот суд на Република Северна Македонија, а со цел воедначување на судската практика се вршеше пребарување на слични или идентични одлуки во базата на податоци која ја има Одделот за судска практика, во АКМИС програмата преку писарниците и на WEB страната на Врховниот суд на Република Северна Македонија на која се објавуваат анонимизирани судски одлуки.

Во тековната година, Одделот за судска практика постапуваше по 13 предмети, заведени под СПР број, оформени по дописи во врска со примена на законите од страна на судовите во Република Северна Македонија и воедначување на судската практика и по доставени дописи од Министерството за правда, Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, а во врска со судската практика и предметите кои против Република Северна Македонија се водат пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

Одделот за судска практика, ја следеше практиката Европскиот суд за човекови права во Стразбур преку анализа на одлуките и нивно селектирање со цел нивно полесно имплементирање во одлуките на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Пресудите донесени од Европскиот суд за човекови права против Република Северна Македонија, беа тековно ажурирани во соодветни подфолдери во фолдерот „Судска пракса на ЕСЧП“, креиран во постоечкиот фолдер „Судска пракса“, на кој начин се интерно достапни до сите судии и стручни судски соработници.

## Останати активности

Претставници на Врховниот суд на Република Северна Македонија, присуствуваа на Работна средба на апелационите судови за хармонизирање на судската практика, која се одржана на 08 и 09 јуни 2022 година, во Гевгелија.

Во текот на 2022 година, беа превземени активности во однос на подобрување на базата на судска практика на Врховниот суд на Република Северна Македонија, во рамки на проектот „Иницијатива за правна сигурност во Западен Балкан“, што резултираше со дизајнирање на интерен информативен систем за судска практика на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на чија имплементација ќе се работи во периодот што следи.

# РАБОТА НА ОПШТАТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Согласно Законот за судовите, во исполнување на уставните и законските надлежности, претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија учествуваа во работата на Општата седница.

Врховниот суд на Република Северна Македонија во текот на **2022** година има одржано **23 Општи седници** на кои се разгледувани повеќе прашања:

- Општата седница разгледуваше 24 иницијативи за утврдување на начелни ставови и начелни правни мислења.
- Утврдени се 1 (еден) начелен став и 1 (едно) дополнување на начелен став.
- Донесен е 1 (еден) заклучок за поднесување на предлог иницијатива до Министерството за правда за измена на одредби од закон.
- Донесени се 23 заклучоци по иницијативите за утврдување на начелни ставови и начелни правни мислења.
- Дадени се 8 (осум) мислења по предлози на закони и други прописи кога со нив се уредуваат прашања од значење за работата на судовите.
- Именувани се членови на 4 (четири) Совети за одлучување по жалби против одлуки на Судскиот совет на Република Северна Македонија.
- Општата седница расправаше по 2 (две) барања за заштита на законитоста.
- Усвоен е Извештајот за работата на Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2021 година.
- На проширена Општа седница разгледани се Извештаите за работата на судовите во Република Северна Македонија за 2021 година.
- Усвоени се Оценките и заклучоците по извештаите за работењето на судовите во Република Северна Македонија за 2021 година.
- Општата седница на барање на мислење од Судскиот совет на Република Северна Македонија за ориентациониот број на предмети што секој судија треба да ги реши месечно заради донесување на Одлука за ориентациона норма за 2022 година, даде мислење дека судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија не треба да бидат задолжени со ориентациона норма.
- Номиниран е еден член и негов заменик на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители од редот на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија.
- Усвоени се извештаите од извршените работни посети на Апелационен суд Скопје и Апелационен суд Штип.
- Општата седница одлучуваше по барање за изземање на судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија од Совети за одлучување по жалби против одлуки на Судскиот совет на Република Северна Македонија и за изземање на членови на Совети за одлучување по жалби против одлуки на Судскиот совет на Република Северна Македонија.
- Прибавено е мислење за Годишниот распоред за работа на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2023 година.
- Општата седница даде 3 (три) мислења по барање на претседател на суд, за распоредување на судии од еден во друг судски оддел.
- Одлучи по 2 (два) приговори на судии против одлуки за годишен распоред за работа, утврдени од страна на претседатели на судови.
- Одлучи по 7 (седум) приговори на судии против одлуки за изменување и дополнување на годишен распоред за работа, утврдени од страна на претседатели на судови.

**Седици на судии**

Врховниот суд на Република Северна Македонија во текот на **2022** година има одржано **3 Седници на судии** на кои се разгледани следните прашања:

- Примена на Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија.
- Разгледување на заклучоците на Управниот одбор на Здружение на судиите на Република Северна Македонија.
- Информација за учество на судии на разни советувања и извршени посети во земјата и странство.

**ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, утврдено е судиската функција во Врховниот суд на Република Северна Македонија да ја извршуваат 28 судии. Меѓутоа како и претходните години и оваа година на судијата кој е избран за член на Судскиот совет, судиското место му мирува.

Во период од 31.12.2021 година до 31.01.2026 година на еден судија по негово барање му е утврдено мирување на судиската функција.

Извештајната година Врховниот суд на Република Северна Македонија ја започна со 17 судии. Во месец април 2022 година 1 судија е разрешен од вршење на судиска функција поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција, а во месец јули 2022 година на 2 судии утврден им е престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија. На крајот на годината судиската функција ја извршуваа 14 судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Врз основа на Одлука од страна на Судскиот совет, во јули 2021 година беше објавен оглас за избор четири судии, меѓутоа до крајот на 2022 година изборот не се изврши.

Од сето погоренаведено произлегува дека, Судот во извештајната година функционираше со непотполн судиски состав на граница на потребниот минимум за нормално функционирање на Судот, со оглед на неговите надлежности, работа на Општа седница, работа во четири оддели, Оддел за казниви дела, Оддел за граѓански дела, Оддел за судење во разумен рок и Оддел за судска практика, што предизвикува голем број на изземања и потреба за реорганизација и прераспоредување со континуирана ангажираност и на стручните судски соработници во повеќе совети.

Согласно Законот за судовите, Законот за судска служба, Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и Годишниот план за вработување утврдена е внатрешната организација, работните места и бројот на извршители потребни за извршување на надлежностите на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Од предвидениот број на судски службеници во Правилникот, кои согласно Законот за судска служба се класифицираат во три групи (раководни, стручни и помошно стручни судски службеници), може да се констатира дека бројот на судски службеници во судот воопшто не ги задоволува потребите согласно обемот и сложеноста на надлежноста на Врховен суд на Република Северна Македонија како највисок суд во државата.

Во изминатиот период се констатира континуиран одлив и упразнување на работни места од сите категории на судски службеници поради заминување во други институции и по основ на пензионирање.

Со оглед на тоа што вака упразнетите работни места не се пополнуваат навремено, поради недобивање на одобрување и согласност од Министерството за финансии за објавување огласи, недостигот од вработени се надоместува со распоред за работа, поради кој подолг временски период вработените вршат повеќе работи.

Во почетокот на 2022 година добиена е обнова на согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на судски службеници по објавен јавен оглас 1/2021 и во март 2022 година се реализирани вработувања на 5 судски службеници и тоа за работно место Раководител на одделение за материјално и финансово работење 1 (еден) извршител, за работно место Самостоен судски советник 3 (три) извршители и за работно место Самостоен судски советник во Советот на судска служба 1 (еден) извршител.

Во септември 2022 година по добиена согласност, реализирани се 8 (осум) унапредувања на судски службеници со објавување на интерен оглас и реализирани се вработувања на 3 судски службеници со објавување на јавен оглас и тоа за работно место Судски советник 1 (еден) извршител, за работно место Самостоен референт-сметководител 1 (еден) извршител и за работно место Хигиеничар 1 (еден) извршител.

Ако се има предвид и претходниот период со работните места упразнети по основ на пензионирање, поради заминување во други институции укажува дека бројот на судските службеници во судот воопшто не ги задоволува потребите. Во моментот, во трите писарници, кривична, граѓанска и судење за разумен рок, работат 7 (седум) помошно стручни судски службеници, од кои 3 (три) судски службеници се со звање самостоен судски референт-водител на писарница, а другите 4 (четири) судски службеници се распоредени со Годишниот распоред за 2022 година.

Врховниот суд 2022 година, ја заврши со 59 вработени судски службеници од категоријата раководни, стручни и помошно стручни судски службеници, 5 припадници на судска полиција и 7 вработени во техничка служба. Вака намалениот број на судски службеници не соодветствува со обемот на работа и бројот на судиите.

**ЦЕНТАР ЗА ИНФОРМАТИКА**

Во Центарот за информатика на Врховниот суд на Република Северна Македонија сместена е целокупната хардверско-софтверска опрема од областа на ИКТ наменета за непречено функционирање на ВСРСМ и дел за судовите на РСМ и ССРСМ. Дополнително во Центарот за информатика сместени се одредени централизирани бази на податоци, централизирани функционалности, централизирана размена на податоци со надворешни институции итн. кои се наменети за непречена работа на сите судови. Основните активности за непречено функционирање на имплементираните ИКТ системи (планирање, учество во развојни ИКТ проекти, администрација, менаџирање, мониторинг, заштита, безбедност, централизирани јавни набавки, поддршка на корисниците итн.) се во опсегот на работни задачи на вкупно 4 (четири) ИКТ инженери вработени во Центарот за информатика на ВСРСМ.

Во Врховниот суд на Република Северна Македонија во функција се следниве кориснички апликации од областа на ИКТ со тенденција на нивно зголемување во наредниот период:

- Апликација за управување со движењето на судските предмети (АКМИС)
- Централизирана база на номенклатури за потребите на АКМИС системот на сите судови
- Апликација за материјално и финансиско работење (АБМС).
- Апликација за објавување на судската пракса на Врховниот суд на РСМ и одлуки на апелационите судови на Web страната за судска пракса.
- Апликација за објавување на судски одлуки, информации, новости, статистички и други податоци на Web порталот на Врховниот суд на РСМ
- Централизирано хостирање на судскиот Web портал и Web порталите на сите судови на РСМ
- Систем за електронска пошта наменет за вработените во Врховниот суд на РСМ и за нотификација на корисниците на системот за Електронската достава на судски документи
- Апликација за електронска достава на судски документи (прва фаза – достава од судовите до корисниците) наменета за сите судови на РСМ со централизирана база на податоци за електронските сандачиња, хостирана во Центарот за информатика на Врховниот суд на РСМ.
- Апликација за казнена евиденција наменета за сите судови на РСМ, со централизирана база на податоци хостирана во Центарот за информатика на Врховниот суд на РСМ.
- Централизиран бекап а АКМИС базите на податоци од сите судови на РСМ
- Централизиран сервис за размена на податоци за стечајните управници со Централен регистар на РСМ, наменет за судовите со проширена надлежност
- Централизиран сервис за размена на податоци помеѓу судовите и обвинителствата на Република Северна Македонија
- Централизиран сервис за размена на податоци помеѓу судовите и Службен весник на Република Северна Македонија
- Централизиран сервис за електронско издавање на потврди од базата на казнената евиденција преку системот за интероперабилност на МИОА

- Апликација за уредување и пребарување на судски одлуки на судската пракса на Врховниот суд на РСМ

ИКТ инженерите вработени во Центарот за информатика на Врховниот суд на РСМ во текот на 2022 година ги реализираа следните активности:

- Утврдување на потребите, изработка на детална техничка спецификација вклучително и критериуми за утврдување на способност, учество во евалуација и реализација (давање на техничка поддршка и следење на напредокот во согласност со зацртаните термински планови) на постапките за јавни набавки кои ги опфаќаат потребите на сите судови во РСМ и Судски совет на РСМ од областа на ИКТ како што следи:
    1. Хардверско-софтверско одржување на опремата набавена во рамките на ИПА2010 проектот вклучително и превентивно и адаптивно одржување на веб порталите на сите судови на РСМ и Судски совет на РСМ
    2. Превентивно и адаптивно одржување на АКМИС системот имплементиран во судовите на РСМ вклучително и одржување на дополнителните апликации и сервиси интегрирани во истиот
    3. Одржување на IBM Lotus Domino платформата, е-маил системот и веб апликацијата за објавување одлуки од судската пракса на Врховниот суд на РСМ
    4. Хардверско-софтверско одржување и годишна софтвер претплата на Firewall Check Point архитектурата имплементирана во сите судови на РСМ и Судски совет на РСМ
    5. Хардверско-софтверско одржување и годишна софтвер претплата на VMware инфраструктурата имплементирана во сите судови на РСМ и Судски совет на РСМ
    6. Хардверско-софтверско одржување и годишна претплата на системот за заштита на базите на податоци на сите судови на РСМ и Судски совет на РСМ
    7. Одржување на софтверот за собирање, анализа и пребарување на лог записи на ИКТ уредите сместени во Врховниот суд на РСМ
    8. Постгаранциско одржување на системот за прецизна климатизација во систем салата на Врховниот суд на РСМ
    9. Набавка на АОП материјали за потребите на Врховен суд на РСМ
    10. Реализација на набавката на нови сервери и друга ИКТ опрема за непречено функционирање на АКМИС системот со сите надградби
    11. Учество во Работна група формирана од  Судскиот совет на РСМ за изработка на техничка спецификација и критериуми за утврдување на способност во постапката за набавка на интернет линкови за сите судови на РСМ и Судски совет на РСМ
    12. Учество во изработка на техничка спецификација и реализација на проектот за уредување и пребарување на судски одлуки од судската пракса на Врховниот суд на РСМ
- Континуирано следење на состојбата и преземање на соодветни активности со цел непречено функционирање на имплементираните кориснички апликации наменети за ВСРСМ и дел за сите судови на РСМ, во сите нивни фази на примена:
    - Нотирање на појавени недостатоци, непредвидени проблеми, забелешки и коресподенција со изготвувачот на корисничката апликација за нивно отстранување
    - Согледување на евентуални потреби од надградба и подобрувања
    - Доделување на соодветни кориснички права и привилегии
    - Техничка поддршка на внатрешните и надворешни корисници кои се обраќаат до Центарот за информатика и бараат помош
    - Изработка на разни статистички извештаи за потребите на судските служби и други институции
- Планирање на потребни финансиски средства за инвестиции и одржување во областа на ИКТ за сите судови на РСМ и ССРСМ, планирање на потреби за континуирана едукација на вработениот ИКТ кадар во судовите на РСМ и планирање на потребата од нови вработувања на стручен ИКТ кадар во Центарот за информатика на Врховниот суд на РСМ.
- Тековно администрирање, менаџирање и пратење на ИКТ системите кои се поставени во Центарот за информатика на Врховниот суд на РСМ, а наменети се за Врховниот суд на РСМ и дел за сите судови на РСМ.
- Секојдневно извршување и контрола на процедурите за заштита на системски и кориснички податоци (backup) наменети за Врховниот суд на РСМ и дел за сите судови на РСМ.
- Мониторирање на системските логови за дојава на грешки на целокупната ИКТ опрема сместена во Центарот за информатика на Врховен суд на РСМ со цел отстранување на евентуално појавени проблеми.

- Континуирано следење на перформансите на поставените ИКТ системи со цел преземање на соодветни активности или согледување на потребата од нивна надградба.
- Тековно одржување и администрирање на работните станици, notebook компјутерите, принтери, скенери.
- Соработка и координација на Центарот за информатика на ВСРСМ со одделенијата за информатика на судовите во РСМ и ССРСМ со цел давање на препораки и насоки за преземање на одредени активности поврзани со централизираните функционалности, известувања за обезбедено одржување на одредени ИКТ системи, достава на процедури за пријавување на појавени проблеми, достава на потребна документација итн.
- Континуирано следење на новите технологии и трендови во областа на ИКТ (без соодветна едукација) користејќи литература достапна на Интернет.
- Водење на уредна документација за реализирани системски и кориснички активности, настанати проблеми, нивно отстранување, водење на месечни извештаи за реализирани работни задачи на ИКТ инженерите од Центарот за информатика на ВСРСМ и сл.
- Учество во работата на Советот за координирање на информатичко – комуникациска технологија во правосудните органи, учество на работни средби за планирање и реализација на ИПА проекти, учество на работни средби вклучително и изработка и достава на потребни податоци до експерти ангажирани во рамките на проекти за поддршка на реформите во правосудството итн.

Согласно на сите современи општествени трендови сама се наметнува потребата од континуирано воведување на нови информатички технологии и ИКТ системи во судскиот систем на РСМ за да може преку осовременување, едукација, копматибилност и унификација на информатичката технологија да се постигне крајната цел, остварување на ефикасна поврзаност на сите судови на територија на РСМ и размена на податоци со други институции. Тоа по автоматизам континуирано и значително го зголемува обемот на работа на постоечките само 4 (четири) ИКТ инженери вработени во Центарот за информатика при ВСРМ.

Соодветно на тоа евидентна и неопходна е потребата од континуирано вработување на стручни ИКТ инженери во Центарот за информатика на кои ќе им биде овозможена соодветна и континуирана едукација имајќи во предвид дека информатичката технологија е најдинамичниот систем во секое современо општество.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЛАНИРАНИ И ИЗВРШЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ**

Во поглед на планирањето и реализацијата на јавните набавки во Врховниот суд на Република Северна Македонија во 2021 година, Ве известуваме за следното:

Врховниот суд на Република Северна Македонија за спроведување на јавните набавки, согласно Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.87/21) и Правилникот за формата, содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.64/19), во 2022 година има донесено:

- Годишен план за јавни набавки во 2022 година на Врховниот суд на Република Македонија 02Су.бр.20/22 од 31.01.2022 година;
- Измена и дополнување на Годишен план за јавни набавки во 2022 година на Врховниот суд на Република Северна Македонија 02Су.бр.27/22 од 11.02.2022 година;
- Дополнување на Годишен план за јавни набавки во 2022 година на Врховниот суд на Република Северна Македонија 02Су.бр.115/22 од 31.03.2022 година,
- Измена и дополнување на Годишен план за јавни набавки во 2022 година на Врховниот суд на Република Северна Македонија Су02.бр.193/22 од 10.05.2022 година;
- Дополнување на Годишен план за јавни набавки во 2022 година на Врховниот суд на Република Северна Македонија Су02.бр.497/22 од 09.11.2022 година, и
- Дополнување на Годишен план за јавни набавки во 2022 година на Врховниот суд на Република Северна Македонија Су02.бр.520/21 од 21.11.2022 година.

Со Годишниот план за јавни набавки во 2022 година, како и дополнувањата на истиот, предвидено е во Врховниот суд на Република Северна Македонија да се спроведат 33 (триесет и три) јавни набавки, од кои:

- 16 (шеснаесет) јавни набавки согласно проценетата вредност да се спроведат како набавка од мала вредност;
- 9 (девет) јавни набавки согласно проценетата вредност да се спроведат со примена на поедноставена отворена постапка, и
- 8 (осум) јавни набавки согласно проценетата вредност да се спроведат со примена на отворена постапка.

Од вкупно 33 (триесет и три) јавни набавки 5 (пет) јавни набавки се предвидени како групни, и тоа:

- набавката на електрична енергија е предвидена како групна јавна набавка која ќе се спроведе преку Основниот граѓански суд Скопје со примена на отворена постапка;
- набавката на информатичка опрема за потребите на Судскиот совет на РСМ и судовите во РСМ е предвидена како групна јавна набавка која ќе се спроведе преку Судскиот совет на РСМ со примена на отворена постапка, а врз основа на Одлука на Судскиот буџетски совет за измена и дополнување на Одлуката за спроведување на групни јавни набавки за 2022 година бр.02-155/15 од 07.02.2022 година;
- набавката на услуги за мобилна телефонија за период од 2 (две) години е предвидена како групна јавна набавка која ќе се спроведе преку Судскиот совет на РСМ со примена на отворена постапка, а врз основа на Одлука на Судскиот буџетски совет за измена и дополнување на Одлуката за спроведување на групни јавни набавки за 2022 година бр.02-155/15 од 07.02.2022 година;
- набавката на интернет услуги за период од 12 месеци е предвидена како групна јавна набавка која ќе се спроведе преку Судскиот совет на РСМ со примена на отворена постапка, а врз основа на Одлука на Судскиот буџетски совет за измена и дополнување на Одлуката за спроведување на групни јавни набавки за 2022 година бр.02-155/15 од 07.02.2022 година, и
- набавката на електрична енергија за 2023 година е предвидена како групна јавна набавка која ќе се спроведе преку Основниот граѓански суд Скопје со примена на отворена постапка

**НАПОМЕНИ:**

Седум од постапките за јавни набавки беа поништени и повторено беше објавен оглас за нивно реализирање.

Притоа, пет од постапките беа поништени бидејќи понудата со најниска цена го надминуваше обезбедениот износ на набавката, а како резултат на општиот пораст на цените кој не можеше соодветно да биде планиран при изготвување на Годишниот план за јавни набавки во 2022 година.

Шест од овие постапки подоцна беа успешно спроведени и е склучен договор со економскиот оператор кој е избран за најповолен.

Постапката за групна набавка на електрична енергија за 2023 година на ден 10.01.2023 година беше поништена по втор пат од причина што и на вториот објавен оглас не се јави ниту еден понудувач.

### Планирани и извршени јавни набавки

1. Набавка на материјали за АОП за период од 1 (една) година, оглас бр.02079/2022
2. Закупнина на една парица од две оптички влакна (single mode - Dark Fiber), оглас бр.02407/2022
3. Набавка на УПС уред, оглас бр.05320/2022
4. Превентивно и постгаранциско одржување на хардверската и софтверската опрема набавена во рамките на ИПА 2010 проектот за потребите на судовите на Република Северна Македонија и

Судскиот совет на Република Северна Македонија за период од 1 (една) година, оглас бр.05513/2022
5. Здравствени прегледи на вработените во Врховниот суд на Република Северна Македонија, оглас бр.06673/2022
6. Набавка на негазирана вода, газирана вода и сокови за период од 1 (една) година, оглас бр.07064/2022
7. Постгаранциско одржување на системот за прецизна климатизација во систем салата на Врховниот суд на Република Северна Македонија за период од 1 (една) година, оглас бр.07969/2022
8. Поддршка и надградби на системот за безжична мрежа во зградата на Врховниот суд на Република Северна Македонија за период од 1 (една) година, оглас бр.07971/2022
9. Годишна софтвер претплата и тековно одржување на хардверот и системскиот софтвер за функционирање на АКМИС системот и опремата за водење на казнена евиденција во судовите на РСМ, оглас бр.09309/2022
10. Набавка на услуги за одржување на IBM Lotus Notes платформата, е-маил системот и веб апликацијата за објавување одлуки од судската пракса на ВСРСМ, објавување на позначајни одлуки од четирите апелациони судови и пресуди на ЕСЧП против Република Северна Македонија, оглас бр.09314/2022
11. Поддршка и надградби на системот за безжична мрежа во зградата на Врховниот суд на Република Северна Македонија за период од 1 (една) година, оглас бр.09476/2022
12. Набавка на негазирана вода, газирана вода и сокови за период од 1 (една) година, оглас бр.09762/2022
13. Постгаранциско одржување на системот за прецизна климатизација во систем салата на Врховниот суд на Република Северна Македонија за период од 1 (една) година, оглас бр.09763/2022
14. Годишна софтвер претплата (subscription) за уреди за заштита во сите судови на РСМ и Судскиот совет на РСМ, оглас бр.12410/2022
15. Годишна софтвер претплата и тековно одржување на софтвер за евиденција на настани со корелирање на логови од ИКТ уреди сместени во Врховниот суд на ВСРСМ, оглас бр.12411/2022
16. Набавка на канцелариски материјали и печатени материјали за период од 1 (една) година, оглас бр.14829/2022
17. Каско осигурување на службени ПМВ на ВСРСМ за период од 1 (една) година, оглас бр.16284/2022
18. Венецијанер ролетни, оглас бр.16686/2022
19. Годишна софтвер претплата, постгаранциско и тековно одржување на централизиран хардвер и системски софтвер за централен backup/restore на базата на податоци на судовите во РСМ, оглас бр.16927/2022
20. Набавка на канцелариски материјали за период од 1 (една) година, оглас бр.17969/2022
21. Молерофарбарски услуги, оглас бр.19064/2022
22. Годишна софтвер претплата, постгаранциско и тековно одржување на централизиран хардвер и системски софтвер за централен backup/restore на базата на податоци на судовите во РСМ, оглас бр.19085/2022
23. Каско осигурување на службени ПМВ на ВСРСМ за период од 1 (една) година, оглас бр.19659/2022
24. Гориво за потребите на ВСРСМ за период од 1 (една) година, оглас бр.19685/2022
25. Превентивно и адаптивно одржување на АКМИС системот имплементиран во сите судови на Република Северна Македонија и Судскиот совет на Република Северна Македонија, оглас бр.19941/2022
26. Осигурување на основни средства (зграда и опрема) на ВСРСМ, оглас бр.21497/2022
27. Услуги за набавка на авио билети за период од 1 (една) година, оглас бр.21499/2022.

**Групни набавки спроведени согласно член 62 од Законот за јавните набавки**

1. Набавка на електрична енергија за период од 1 (една) година
2. Набавка на информатичка опрема за потребите на Судскиот совет на РСМ и сите судови во РСМ
3. Набавка на услуги за мобилна телефонија за период од 2 (две) години
4. Електрична енергија за 2023 година
5. Набавка на интернет услуги за период од 12 месеци
6. Електрична енергија за 2023 година

**Набавки започнати во 2021 година за кои постапката завршила во 2022 година**

1. Превентивно и адаптивно одржување на АКМИС системот имплементиран во сите судови на Република Северна Македонија и Судскиот совет на Република Северна Македонија за период од 1 (една) година, оглас бр.22346/2021
2. Набавка на интернет услуги за период од 12 месеци - Групна набавка
3.Набавка на нови сервери и друга ИТ опрема за непречено функционирање на АКМИС системот со сите надградби (групна набавка), оглас бр.18654/2021 - Групна набавка

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ

**1**. Врховниот суд на Република Северна Македонија своите уставни и законски надлежности во извештајната 2022 година ги оствари со намален број на судии и судска администрација. Врховниот суд на Република Северна Македонија **извештајната 2022 година** ја заврши како ефикасен суд, **приливот на предмети е целосно совладан, а заостатокот е намален за 149 предмети.**

Во 2022 година Врховниот суд имал вкупно во работа **3069** предмети од сите видови, од кои **8** предмети се заведени повторно во работа, **1** предмети се водат како погрешно заведени.

Годината е започната со **956** нерешени предмети од 2021 година, а во текот на годината новопримени се **2106** предмети. Од нив решени се **2262** предмети, останале нерешени **807** предмети.

**2. Одделот за казниви дела** во текот на извештајната 2022 година, новопримени се 598 предмети, останати од претходната година биле 124 предмети, или вкупно во работа биле 722 предмети по сите основи, од кои решени се 653 предмети, а на крајот на годината останале нерешени 69 предмети по сите основи.

Од вкупниот број на нерешени предмети, влијание има состојбата што 17 предмети односно 24,63% кои биле дадени на мислење во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, не биле вратени во Судот до 31.12.2022 година, поради што истите и не биле одлучени во тековната 2022 година, која околност влијаела и на одолговлекување на постапката за постапување и одлучување по наведените предмети.

Во текот на 2022 година по уписникот **РКП** – разни кривични предмети примени се **30** поднесоци и по истите е постапено.

Во Одделот за казниви дела при одлучувањето и пишувањето на одлуките и сентенците се имплементира востановената судска пракса на Европскиот суд за човекови права, а се со цел на единствена примена на Европската конвенција за човекови права, а со тоа и *erga omnes* дејство на пресудите.

Овие објективни околности претставуваат оправдани и релевантни причини кои влијаат на остварување на принципот на ажурност и ефикасност во постапувањето на Одделот.

**3. Одделот за граѓански дела**, во извештајниот период имало вкупно во работа 1.760 предмети, од кои 617 нерешени предмети од претходни години, а новопримени предмети 1141. Во извештајната година решени се 1103 предмети, а нерешени предмети останале 657. Приливот не е совладан во целост а заостатокот е зголемен за 40 предмети. Заради зголемување на ефикасното работење на судиите постои потреба да се пополни бројот на испразнетите судиски места.

**4. Одделот за судење во разумен рок,** во извештајниот период постапувал по 567 предмети, по сите основи, во двата степени на одлучување. Нерешени од претходната година останале 211 предмет, новопримени биле 351 предмет, 6 предмети биле повторно во работа и 1 погрешно заведен.

Во текот на извештајната **2022** година, од вкупно 567 предмети во работа, од кои 351 новопримени предмети, решени се 488 предмети, па оттука можеме да заклучиме дека приливот не предмети во Одделот е совладан за 137 предмети**.** Воедно**,** имајќи го предвид бројот од 211 предмети кои останале незавршени на крајот на 2021 годината и бројот од 79 предмети останати во работа на крајот од 2022 година, можеме да констатираме дека заостатокот е намален за 132 **п**редмети.

Во извештајната **2022** година, споредбено со 2021 година, зголемен е износот на вкупно определениот паричен надоместок, досуден поради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок, меѓутоа зголемен е и бројот на решени предмети со усвојување на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, (од 106 усвоени за 2021 на 169 усвоени барања за 2022). Вкупно определениот надоместок досуден поради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок, во 2021 година во прв степен изнесувал 2.925.900 денари, додека во втор степен изнесувал 480.875 денар, односно вкупен износ во двата степена од 3.406.775 денари, споредбено со вкупно досудениот надоместок за 2022 година во износ од 5.633.702 денари. Висината на досудениот надоместок се должи пред се на зголемениот број на решени предмети, а сепак овој износ не отстапува од праксата на Европскиот суд за човекови права, имајќи ги предвид надоместоците определени од ЕСЧП при пријателско спогодување на Република Северна Македонија со апликантите. Одделот за судење во разумен рок постојано прави анализи и проценки, се со цел корекција на висината на досудените надоместоци во предметите каде е утврдена повреда на правото на разумен рок и приближување кон досудените надоместоци определени за слични предмети од ЕСЧП**.**

Имајќи го предвид погоре изнесеното можеме да резимираме дека судиите, судските советници и вработените во судската писарница на Одделот, во текот на извештајната 2022 година, придонесоа Одделот за судење во разумен рок на Врховниот суд на Република Северна Македонија да е ажурен и ефикасен, имајќи го предвид бројот на предмети во прв и втор степен, по сите основи, како и намалениот број на судии со кој располагаше Одделот во извештајната година. Ваквиот начин на работа, дава за право Одделот и понатаму да продолжи да работи со востановениот начин на одлучување по предметите во разумен рок со изработка на квалитетни одлуки, како и со заложба за решавање на проблемот околу достава на списи по предметите по кој е поднесено барање за заштита на правото на судење во разумен рок, се со цел почитување на законски предвидените рокови.

**5. Одделот за судска практика** на Врховниот суд на Република Северна Македонија, во текот на 2022 година, во голем дел ги оствари зацртаните програмски задачи.

**6.** Генерална констатација која произлегува од податоците за работата и ангажираноста на судиите, а заради зголемувањето на ефикасноста потребно е да се потполнат испразнетите судиски места, бидејќи сите судии покрај постапувањето по предмети во оддел, учествувале во одлучување по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок во прв степен и во второстепениот совет кој одлучува по жалбите против решенијата на советот од тројца судии по барањата за судење во разумен рок, во работа на Специјализираниот совет кој одлучува по жалба на кандидатот кој не е избран за судија, односно Претседател на Суд, во Специјализираниот совет за одлучува по жалбите против Одлуките на Управниот суд од член 62 од Законот за управните спорови, по предлог за заштита поради незаконито дејствие, во работата на Одделот за судска практика заедно со стручните судски соработници.

**7.** Стручните судски службеници во текот на извештајната 2022 година покажаа висок степен на оперативност со судиите во изготвување на нацрт одлуките, како и висок степен на стручност, совесно и ажурност во извршување на своите работни обврски, но и покрај тоа за зголемување на ефикасноста во работењето на Судот, потребно е пополнување на непополнетите и испразнети работни места од редот на раководни и стручни судски советници согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Судот и Законот за судска служба.

**8** Со оглед на улогата и значењето на судските службеници во Врховниот суд, како највисок суд во Републиката, во процесот на обезбедување на ефикасно постапување на судот, да се вложат напори за измена на Законот за судска служба и преку што би се обезбедиле можности за напредување, наградување и зголемување на бројот на судските службеници, особено во бројот на извршители во судските писарници и бројот на извршители во Центарот за информатика.

**9.** Врховниот суд на Република Северна Македонија согласно својата надлежност донесените начелни ставови и начелни правни мислења, правни мислења и заклучоци од работата на Општата седница и правните мислења, заклучоци и сентенци усвоени на седниците на одделите, да продолжи континуирано да ги објавува на web страната на Судот, но и да продолжи праксата на објавување Билтен и Збирка на судски одлуки.

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТА СЕДНИЦА**